**за усвојување на полугодишен извештај за работа на ООУ „Ванчо Китанов„ - Пехчево за учебната 2022/2023 година**

**Член 1**

Советот на општина Пехчево го усвојува полугодишниот извештај за работа на ООУ „Ванчо Китанов„ - Пехчево за учебната 2022/2023 година.

**Член 2**

Полугодишниот извештај за работа на ООУ „Ванчо Китанов„ - Пехчево за учебната 2022/2023 година бр.01-80/1 од 27.02.2023 година, е составен дел од оваа Одлука.

**Член 3**

Одлуката влегува во сила осмиот ден од денот на објавување во Сл. Гласник на општина Пехчево.

Бр.08-445/1
28.03.2023 година
Пехчево

Совет на општина Пехчево
Претседател
Виолета Ѓорѓиевска с.р

**ПОЛУГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА ВОСПИТНО – ОБРАЗОВНАТА РАБОТА НА ОПШТИНСКОТО ОСНОВНО УЧИЛИШТЕ „ВАНЧО КИТАНОВ“ – ПЕХЧЕВО**

Врз основа на член 108 став 1 од Законот за основно образование („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 161/2019, 229/2020), Директорот на училиштето го изготви полугодишниот извештај за воспитно – образовната работа на училиштето, а Училишниот одбор на седницата одржана на ___.___.2023 година го предложи извештајот до Советот на општината.

## ЦЕЛ НА ИЗВЕШТАЈОТ

***Извештајот има за цел да ги презентира:***

- презентација на условите за работа во училиштето и што се е направено за нивно подобрување

- севкупната организациона поставеност и колку е реализирана Годишната програма на училиштето

- поддршка и активности за професионалниот развој на наставникот, стручните соработници и останатите вработени во училиштето

- презентација на произлезените активности во текот на првото полугодие

- аналитички приод на постигнати резултати и предлог мерки за надминување на недостатоците

## ПОЈДОВНИ ОСНОВИ И ИЗВОРИ ЗА ИЗГОТВУВАЊЕ НА ПОЛУГОДИШНИОТ ИЗВЕШТАЈ

- Законот за основно образование
- Развојниот план на училиштето
- Годишна програма за работа на училиштето
- Реализација на програмите на раководниот, стручниот кадар и останатите органи и тела во училиштето
- Статистички преглед и извештаи за бројот, структура на учениците, паралелки и успехот на учениците

## ОРГАНИЗАЦИЈА НА РАБОТАТА ВО УЧИЛИШТЕТО

Општинското основно училиште „Ванчо Китанов“ – Пехчево со петте подрачни училишта (ПУ с. Црник, ПУ с. Панчарево, ПУ с. Робово, ПУ с. Умлена и ПУ с. Чифлик – во мирување) учебната 2022/2023 година ја започна на 1 септември во $8^{00}$ часот со физичко присуство на учениците.

Првачињата и шестоодделнците се примени последни во училиштето и се запознаени со своите одделенски раководители. На сите ученици им беше прочитан кодексот на однесување во училиштето и куќниот ред.

Училиштето во Пехчево наставата ја реализира во една смена од прво до деветo одделение од $08^{00}$ – $14^{00}$ часот.

ПУ с. Црник е подрачно училиште во кое се опфатени сите одделенија од прво до деветто одделение и тука наставата се изведува во една смена од $08^{00}$ – $14^{00}$ часот.

ПУ с. Панчарево, ПУ с.Робово и ПУ с. Умлена се подрачни училишта каде што се изведува само одделенска настава од прво до петто одделение и се работи едносменски од $08^{00}$ – $13^{00}$ часот.

Работното време на наставниците во централното училиште и во сите подрачни училишта (ПУ с. Црник, ПУ во с. Робово, с. Умлена, с. Панчарево) е од $08^{00}$ – $14^{00}$ часот.

Работното време на директорот, административно техничкиот кадар, стручната служба и хигиеничарите во централното училиишdevices во Пехчево, ПУ с. Црник, ПУ с. Робово, ПУ с. Умлена и ПУ с.

Панчарево е од $07^{00}$ – $15^{00}$ часот, со исклучок на неколку хигиеничари со неполно работно време од централното училиште на кои работното време им е од $11^{00}$ до $15^{00}$ часот.

## РАСПОЛОЖЛИВИ РЕСУРСИ ВО УЧИЛИШТЕТО

### *1. Опфат на ученици*

Во основното образование во учебната 2022/2023 година во почетокот на учебната година беа опфатени 308 ученици, но сега се опфатени 303 ученици, распоредени во 30 паралелки. Со преведница се испишани пет ученика, поради промена на местото на живеење или иселување во странство.

| *Училиште* | *Број на ученици* | *Број на паралелки* |
|---|---|---|
| ООУ Пехчево | 231 | 18 |
| ПУ с. Црник | 63 | 9 |
| ПУ с. Панчарево | 3 | 1 |
| ПУ с. Робово | 5 | 1 |
| ПУ с. Умлена | 1 | 1 |
| ***Вкупно*** | **308** | **30** |

ПРЕГЛЕД

*На вкупниот број на ученици по одделенија на крајот на првото полугодие во учебната 2022/2023 година*

| | **Македонски јазик** | | **Албански јазик** | | **Турски јазик** | | **Српски јазик** | | **вкупно** | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | *СЕ* | *Ж* | *СЕ* | *Ж* | *СЕ* | *Ж* | *СЕ* | *Ж* | *СЕ* | *Ж* |
| **I** | 26 | 11 | | | | | | | 26 | 11 |
| **II** | 37 | 19 | | | | | | | 37 | 19 |
| **III** | 31 | 14 | | | | | | | 31 | 14 |
| **IV** | 38 | 18 | | | | | | | 38 | 18 |
| **V** | 18 | 7 | | | | | | | 18 | 7 |
| ***I – V*** | ***150*** | ***69*** | | | | | | | ***150*** | ***69*** |
| **VI** | 33 | 13 | | | | | | | 33 | 13 |
| **VII** | 30 | 16 | | | | | | | 30 | 16 |
| **VIII** | 40 | 20 | | | | | | | 40 | 20 |
| **IX** | 50 | 27 | | | | | | | 50 | 27 |
| ***VI - IX*** | ***153*** | ***76*** | | | | | | | ***153*** | ***76*** |
| **I – IX** | **303** | **145** | | | | | | | **303** | **145** |







Значајно е да се истакне дека оваа година во споредба со претходната учебна година бројот на ученици е помал, што придонесува за намалување на бројот на паралелки на ниво на училиште во споредба со претходната учебна година.

***2. Материјално технички ресурси***

Во ООУ „Ванчо Китанов“ – Пехчево заедно со подрачните училишта, просторните услови ги задоволуваат педагошките норми и стандарди. Наставата во централното училиште во Пехчево се организира и реализира на база на матични училници за одделенска настава, додека во предметна настава е на принцип на училници - кабинети и кабинети. Во централното училиште во Пехчево во сите училници има поставено електронски табли, додека во подрачните училишта има поставено една или двѓ електронски табли во зависнодт од потребите. Во летниот период до почетокот на наставната година се превземени сите потребни активности, се со цел подобрување на условите за работа и учење на учениците.

Аплицираме, правиме проекти, го поддржуваме професионалното надоградување на наставниците се со цел подобрување на условите за работа и учење и подобрување на квалитетот на наставата.

*3. Кадровски услови*

**ВРАБОТЕНИ**

Сите кадровски потерби се навремено решени, а воспитно – образовниот процес во текот на првото полугодие се изведуваше непречено.
Во училиштето вкупно вработени се 66 лица. Од вработените – 1 е директор, 2 административно технички работници, 2 се стручна служба, 47 се наставници, 12 хигиеничари, 1 ложач и 1 хаусмајстор. Од наставниците 29 наставника изведуваат предметна настава од кои 1 наст5авник е магистер, 24 се со ВСС, 3 се со ВШС и 1 наставник е со средно образование. Од оние со високо образование на неопределено време со полн фонд на часови се 16 наставника, на неопределено време со неполн фонд на часови нема, на определено време со полн фонд на часови се 3 наставника, на определено време со неполн фонд на часови се 7 наставника и со средно образование 1 наставник на определено со полн фонд на часови. Од оние со вишо образование, вкупно 3 наставника во предметна настава, сите се на неопределено полно работно време. Еден наставник од претметна настава се здоби со звање наставник – ментор.
Одделенска настава изведуваат 18 наставника од кои 15 наставници се со ВСС, а 3 се со ВШС. Од нив сите со полн фонд на часови -14 наставника се на неопределено работно време – 11 наставника со високо образование и 3 наставника со вишо образование и 4 наставника со високо образование се на определено работно време.
Раководно стручниот кадар во училиштето го сочинуваат: еден директор, еден психолог кои се на неопределено работно време, еден педагог кој е на определено работно време и сите се со ВСС.
Административно техничкиот кадар го сочинуваат еден секретар кој е со ВСС и еден самостоен референт, благајник кој е со средно образование и се на неопределено работно време.
За хигиено – техничко одржување се задолжени - 10 хигиеничари со полно работно време и 2 со неполно работно време, еден ложач и еден хаусмајстор од кои сите се на неопределено.

**ПРЕГЛЕД**
*на наставниот кадар на крајот на првото полугодие од учебната*
*2022/2023 година*

| **Наставен кадар по наставни јазици** | **Одделенска настава** | | | | | **Предметна настава** | | | | | **Вкупно** |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | проф. | наст. | учит. | неофицијално обр. | СЕ | проф. | наст. | учит. | неофицијално обр. | СЕ | |
| македонски | 15 | 3 | | | 18 | 25 | 3 | | 1 | 29 | 47 |
| албански | | | | | | | | | | | |
| турски | | | | | | | | | | | |
| српски | | | | | | | | | | | |
| вкупно | 15 | 3 | | | 18 | 25 | 3 | | 1 | 29 | 47 |

**ПРЕГЛЕД**
*на раководниот и стручниот кадар на крајот на првото полугодие од учебната*
*2022/2023 година*

| **Работно место** | **Завршено образование** | | **Вкупен работен стаж** | **Работно искуство како директор, помош. и зам. директор, педагог,** |
|---|---|---|---|---|
| | ВСС | ВШС | | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | | | **психолог, социолог** |
| Директор | 1 | | 22 год. 5 мес. | 5 год. |
| Зам. директор | | | | |
| Пом. директор | | | | |
| Педагог | 1 | | 2 год. 2 мес. | 2 год. 2 мес |
| Психолог | 1 | | 13 год. 10 мес. | 9 год. 6 мес |
| Социолог | | | | |

## СТРУЧНО УСОВРШУВАЊЕ НА НАСТАВЕН И НЕНАСТАВЕН КАДАР
**(од август до јануари)**

Во првото полугодие, дел од обуките наставниците ги следеле со физичко присуство и дел онлајн. Онлајн присуствувале на разни видови на семинари и обуки значајни по содржината за соодветните предмети организирани од разни организации, фондации, БРО, МОН и сл. Дел од обуките кои сите наставниците ги следеле со физичко присуство биле оние од професионалниот развој на наставниците, односно ја следеле обуката Учење преку истражување, работа на проект и решавање проблеми. Наставниците од одделенска настава кои предаваат во одделнијата во кои треба да се реализира настава според новата концепција ја следеле соодветната обука за Планирање и реализација на наставата според новата концепција за основно образование. Наставничката по биологија проследи повеќедневна обука – Искуствено учење по природните науки, при што треба да изврши десиминација на колеги кои предваат по предметите од природните науки. Две наставнички од предметна настава дел од тимот на проектот Еразмус+ , присуствуваа на повеќедневна обука на тема - „Еразмус+ училишта - од идеја до проект“, организирано од Национална агенција за европски образовни програми и мобилност.
Стручните соработници исто така посетија неколку обуки со физичко присуство во текот на првото полугодие и тоа - Планирање и реализацијас на наставата според новата концепција за основно образование; обука како членови на инклузивниот тим на училиштето - Индивидуален образовен план ИОП и модифицирана наставна програма; обука во склоп на професионалниот развој – Развој на социјални вештини и самодоверба кај учениците, справување со проблематично однесување и создавање позитивна социо – емоционална клима на час. Исто така од страна на стручните соработници беа следени поголем број на обуки – онлајн за унапредување на нивната стручност и зголемување на компетенциите во облата на компетентност.

Инклузивниот тим на ниво на училиште присуствуваше на обука за изработка на Индивидуален образовен план ИОП и модифицирана наставна програма.

## ПЛАНИРАЊЕ, РЕАЛИЗАЦИЈА И УНАПРЕДУВАЊЕ НА ВОСПИТНО –ОБРАЗОВНАТА ДЕЈНОСТ

***1. Годишна програма за работа на училиштето***

Годишната програма за работа на училиштето беше изготвена и донесена во предвидениот законски рок и презентирана пред Наставничкиот совет, Училишниот одбор и Советот на општината.

Сите наставници и од предметна и од одделенска настава навремено ги изготвија и предадоа кај стручната служба своите годишни и тематски планирања (и истите дел од наставниците континуирано ги предаваат), а дел од наставниците редовно изготвуваат и дневно – оперативни планирања. Своите годишни и тематски планирања наставниците ги изготвуваат според насоките добиени од советниците од БРО и стекнатите сознанија од различните семинари и обуки кои ги имаат посетено. Стручните соработници во текот на првото полугодие имаа посета часови кај наставниците и од предметна и од одделенска настава.

Приоритетни подрачја во Годишната програма за работа на училиштето се:

- Учење и настава

**Цел:** унапредување на наставниот процес со користење на СМАРТ табли

**Очекувани исходи:** користење на СМАРТ табли во наставата, современа и прилагодена настава кон потребите на учениците, поинтересни и поинтерактивни часови, зголемена мотивација за учење.

- Учење и настава

**Цел:** унапредување на наставниот процес со користење на современи нагледни средства и збогатување на библиотечниот фонд со стручна литература
**Очекувани исходи:** користење современи нагледни средства и стручна литература со цел постигнување современа и прилагодена настава кон потребите на учениците, поинтересни и поинтерактивни часови и зголемена мотивација за учење.

- Учење и настава

**Цел:** унапредување на наставниот процес преку зголемен број на обуки за професионален развој на наставниците и стручните соработници
**Очекувани исходи:** обучени наставници за изведување современа и прилагодена настава кон потребите на учениците, поинтересни и поинтерактивни часови и зголемена мотивација за учење.

- Ресурси

**Цел:** Унапредување на просторните услови кон потребите на учениците преку реконструкција и санација на недостатоците на ѕидот во приземјето и поставување епоксиден под на првиот кат во централното училиште
**Очекувани исходи:** создадена попријатна атмосфера и подобрени услови за работа, престој и учење.

- Ресурси

**Цел:** Унапредување на просторните услови кон потребите на учениците преку поставување рефлектори на постоечко игралиште и изградба на мало детско игралиште со реквизити во подрачното училиште во с. Црник

**Очекувани исходи:** Создадена попријатна атмосфера и подобрени услови за работа, престој и учење по предметот физичко и здравствено образование и релаксација на учениците.

- Ресурси

**Цел:** Унапредување на просторните услови кон потребите на учениците преку канал за прибирање на атмосферската вода и тротоари во централното училиште во Пехчево
**Очекувани исходи:** Создадена попријатна атмосфера за одмор и рекреација на учениците и поголема безбедност на учениците.

- Ресурси

**Цел:** Унапредување на просторните услови кон потребите на учениците преку набавка на пластични столчиња, шкафчиња и клупи во боја во централното училиште во Пехчево и подрачните училишта
**Очекувани исходи:** Создадена попријатна атмосфера и подобрени услови за работа, престој и учење.

- Ресурси

**Цел:** Унапредување на просторните услови кон потребите на учениците преку изградба на пристапна патека за инвалиди и доградување на училишниот двор во подрачното училиште во с. Робово
**Очекувани исходи:** Создадена попријатна атмосфера и подобрени услови за работа, престој и учење.

- Ресурси

**Цел:** Унапредување на просторните услови кон потребите на учениците преку изградба на надворешно фитнес игралиште, мек под и термоизолација на спортската сала во Пехчево

**Очекувани исходи:** Создадена попријатна атмосфера и подобрени услови за работа, престој и учење по предметот физичко и здравствено образование и релаксација на учениците.

- Постигања на учениците

**Цел:** зголемување на мотивацијата кај учениците преку изложување на нивните трудови, изработки и добиени награди.
**Очекувани исходи:** Зголемена мотивација кај учениците за учество на натпревари и конкурси.
Целите за приоритетното подрачје на промени од Годишната програма – **Учење и настава** континуирано се унапредуваат со:
- набавување на СМАРТ табли во ПУ с. Црник со цел за современа и прилагодена настава кон потребите на учениците, поинтересни и поинтерактивни часови, зголемена мотивација за учење кај учениците и создадени услови за далечинско учење;

- набавување на современи нагледни средства и збогатување на библиотечниот фонд со стручна литература;

- реализирање на обуки за наставници со цел изведување современа и прилагодена настава кон потребите на учениците, поинтересни и поинтерактивни часови и зголемена мотивација за учење.

**Показатели:** набавени СМАРТ табли кои учениците ќе ги користат во воспитно – образовниот процес; набавени современи нагледни средства и зголемен библиотечен фонд со книги од соодветна стручност; бројот на посетени обуки од страна на наставниците.
Целите за приоритетното подрачје на промени од Годишната програма – **Ресурси** континуирано се надоградуваат преку унапредување на просторните услови кон потребите на учениците во централното и подрачните училишта со цел создадавање на попријатна атмосфера и подобрени услови за работа, престој и учење, рекреација и поголема безбедност на самите ученици.
**Показатели:** Реконструкција и санација на недостатоците на ѕидот во приземјето и поставување епоксиден под на првиот кат во централното училиште; поставување рефлектори на постоечко игралиште и изградба на мало детско игралиште со реквизити во подрачното училиште во с. Црник; изградени канали за прибирање на атмосферската вода и тротоари во централното училиште во Пехчево; набавени пластични столчиња, шкафчиња и клупи во боја во централното училиште во Пехчево и во подрачните училишта; изградена пристапна патека за инвалиди и доградување на училишниот двор во подрачното училиште во с. Робово; изградено надворешно фитнес игралиште, мек под и термоизолација на спортската сала во Пехчево.
Целите за приоритетното подрачје на промени од Годишната програма – **Постигања на учениците** континуирано се унапредуваат со зголемување на мотивацијата кај учениците преку изложување на нивните трудови, изработки и добиени награди на видни места во училиштето и нивна промоција на пошироко ниво, со цел зголемување на интересот кај учениците за учество на натпревари и конкурси.
**Показатели:** Обезбедување на катче во училиштето за изложба на трудови, изработки и добиени награди.

***2. Планирање и реализација на наставата***

### 2.1. Задолжителна настава

Реализацијата на содржините од планирана настава – задолжителни часови се реализирани околу 90%, бидејќи во првото полугодие има повеќе празници и се реализираат помалку наставни денови, но во текот на второто полугодие истите ќе бидат реализирани во поголем процент.

### 2.2. Изборни предмети

Изборните предмети кои учениците ги изучуваат во текот на оваа учебна година беа изберени за изучување според анкетите за ученици кои се извршија во месец мај за следната учебна година, а според новата концепција во првата недела од септември од понудените листи добиени според спроведената анкета за првичен интерес.

Изборен предмет во III одделение во ПУ с. Црник со еден час неделно, за учениците припадници на заедниците се реализира изборниот предмет *јазик и култура на Турците.* Во IV одделение во централното

училиште во Пехчево и во сите подрачни училишта изборен предмет кој го изучуваа во текот на првото полугодие е *мултикултурни работилници.* Во V одделение во централното училиште во Пехчево како изборен предмет во текот на првото полугодие се изучуваше *градење интерперсонални односи,* додека во подрачни училишта во С. Црник и с. Умлена се изучуваше *фигури од хартија – оригами.* Во VI одделение и во централното училиште во Пехчево и во ПУ с. Црник како изборен предмет се изучува *запознавање на религиите.* Во VIIа и во VIIб одделение во централното училиште во Пехчево и во VII одделение во ПУ с. Црник изборен предмет за изучување е избран *вештини на живеење.* Во VIIIа одделение во централното училиште во Пехчево за изборен предмет е избран *вештини за живеење,* додека во VIIIб одделение во централното училиште во Пехчево и во VIII одделение во ПУ с. Црник изборен предмет за изучување е избран *проекти од информатика.* Во IXа, неколку ученици од IXб одделение, IXв одделение во централното училиште во Пехчево и во IX одделение во ПУ с. Црник како изборен предмет за изучување е избран *програмирање,* додека кај останатиот дел од учениците од IXб одделение во централното училиште во Пехчево како изборен предмет за изучување е избран *унапредување на здравјето.*

### 2.3. Дополнителна настава

Дополнителна настава се организира за учениците кои послабо напредуваат и имаа потешкотии при совладувањето на наставниот материјал од второ до деветто одделение. Според индивидуалните согледувања наставникот дава определби во кои области учениците заостануваат и спроведува доплонителни часови за таквите ученици на месечно ниво. Темпото и бројот на ученици вклучени во дополнителна настава зависи од тековното совладување на наставните содржини. Дополнителна настава во одделенска настава според добиените насоки од советник од БРО е евидентирана само кај наставниците кои се уште не предаваат според новата концепција, односно само со учениците од III одделение по предметите македонски јазик, англиски јазик, матемтатика, оштество, природни науки, работа со компјутер и основи на програмирањето. Во предметна настава најчесто е држана по предметите – македонски јазик, математика, природни науки, информатика, англиски јазик, француски јазик, биологија, географија, историја, физика, хемија, германски јазик, физичко образование, ликовно образование.

### 2.4. Додатна настава

Ваков вид на настава се организира за учениците кои според согледувањата на наставниците покажуваат посебен интерес и посебни способности по одредени предмети заради проширување и зголемување на спектарот на стекнување на знаења на месечно ниво. Додатна настава во одделенска настава според добиените насоки од советник од БРО е евидентирана само кај наставниците кои се уште не предаваат според новата концепција, односно само со учениците од III одделение по предметите македонски јазик, англиски јазик, матемтатика, оштество, природни науки, работа со компјутер и основи на програмирањето. Во предметна настава најчесто е држана по предметите - македонски јазик, математика, природни науки, информатика, англиски јазик, француски јазик, биологија, географија, историја, физика, хемија, германски јазик, физичко образование, ликовно образование.

### 2.5. Час на одделенската заедница

Час на одделенската заедница или образование за животни вештини е задолжителен за сите ученици од второ до деветто одделение, а во прво одделение се изучува во склоп на другите предмети и не е издвоен како посебен час. Одделенскиот час се реализира со еден час неделно во сите одделенија од предметна и од одделенска настава или по потреба во одделенска настава, со исклучок на III одделение.

### 2.6. Реализација на развојно – истражувачки проекти и други иновации

Во училиштето успешно се спроведуваат и реализираат повеќе проекти:
- проектот Антикорупциска едукација на учениците од основните училишта;
- проектот за Меѓуетничка интеграција во образованието;
- програмата за Јазична писменост во почетните одделенија;
- програмата за Математика со размислување во почетните одделенија;

- новите наставни програми по математика, физика, биологија и природни науки според Кембриџ;
- новата наставна концепција за основно образование;
- стратегијата за основно образование 2018-2025 година;
- концептот за организирање настава од далечина;
- концепцијата за воннаставни активности во основното образование;
- концепцијата за државно тестирање;
- концепцијата за инклузивно образование;
- програмата „Интеграција на еколошката едукација во македонскиот образовен систем“;
- проект на ниво на држава организиран од Здружение на професори по француски јазик на Македонија - „ЕкоФРАложи“ - креативни работилници по француски јазик за подигање на свеста на учениците за климатските промени;
- новиот концепт по граѓанско образование;
-спроведување на различни иновативни работилници од страна на стручните соработници во училиштето наменети за учениците;
- програмата за Образование за животни вештини од второ до деветто одделение;
- програмата за описно оценување на учениците од прво до шесто одделение;

## 2.7. Слободни ученички активности

Преку СУА се поттикнува детската фантазија, креативност, љубопитност, самостојност, желба за афирмација на детската личност. Слободните ученички активности беа реализирани преку работата на секциите во училиштето од страна на одговорните наставници со однапред изготвени програми за работа согласно Наставниот план и програма за одделенска и предметна настава.

## 2.8. Успехот и редовноста на учениците

Во интерес на реалното согледување на успехот и редовноста на учениците во текот на првото полугодие, а со цел постоење на методолошка оправданост при анализа на успехот и радовноста на учениците користени се методи и принципи на анализа, синтеза, генерализација, компаративност и реалност. За извор на информации и споредување на резултатите се користени статистички податоци според пол, возраст, национален статус на учениците последователно во четири периоди низ целата учебна година. Во долу дадената табела споредбено се дадени статистички податоци за средниот постигнат успех на полугодие на учениците во последните три учебни години:

| **СРЕДЕН УСПЕХ** | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| ***ПОЛУГОДИЕ 2020/2021*** | | | ***ПОЛУГОДИЕ 2021/2022*** | | | ***ПОЛУГОДИЕ 2022/2023*** | | |
| **IV V VI** | **описно се оценети на крајот од првото полугодие** | | **IV V VI** | **описно се оценети на крајот од првото полугодие** | | **IV V VI** | **описно се оценети на крајот од првото полугодие** | |
| **VII** | 3.96 | **среден успех** | **VII** | 4.09 | **среден успех** | **VII** | 3,59 | **среден успех** |
| **VIII** | 3.67 | | **VIII** | 3.85 | | **VIII** | 4,08 | |
| **IX** | 3.40 | | **IX** | 3.79 | | **IX** | 3,94 | |
| **VII - IX** | | 3.68 | **VII - IX** | | 3.91 | **VII - IX** | | 3,87 |

На полугодие, учениците од првиот период(I, II, III одделение) и учениците од вториот период(IV, V, VI одделение) последните три учебни години се оценуваат описно, додека само учениците од третиот период(VII, VIII и IX одделение) се оценуваат бројчано. Според тоа среден успех може да се добие само за учениците кои

учат во третиот период. Оваа учебна година, според бројчаното оценување на учениците од третиот период, средниот успех на трите одделенија варира во споредба со средниот успех од претходните две учебни години. Оваа учебна година средниот успех изнесува 3,87 што е за минимални 0,04 понизок во споредба со средниот успех од минатата 2021/2022 учебна година, а за 0,19 средниот успех на учениците е повисок оваа учебна година во споредба со учебната 2020/2021 година. Според добиениот среден успех во последните три учебни години се забележуваат варијации кај успехот на учениците.
Оваа учебна година на полугодие два ученика не се оценети поради нередовно посетување на настава – еден ученик од седмо одделение кој нередовно не посетува настава од оправдани причини со доставена медицинска потврда и еден ученик од деватто одделение кој неоправдано не посетува настава подолг период, има поголем број неоправдани изостаноци за што се преземени сите потребни законски мерки. И двата ученика од втората половина на декември започнаа со редовна посета на настава, но тоа не е доволен период за да добијат оцена од второто тримесечје.

**ПРЕГЛЕД**

*на средниот успех по одделенија на полугодие последните три учебни години*

| **СРЕДЕН УСПЕХ** | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| ***Полугодие 2020/2021*** | | | ***Полугодие 2021/2022*** | | | ***Полугодие 2022/2023*** | | |
| ***одд*** | ***среден успех*** | ***изостаноци по ученик*** | ***одд*** | ***среден успех*** | ***изостаноци по ученик*** | ***одд*** | ***среден успех*** | ***изостаноци по ученик*** |
| **I** | Описно се оценети | 0,45 | **I** | Описно се оценети | 6,84 | **I** | Описно се оценети | 0,70 |
| **II** | | 0,97 | **II** | | 1,65 | **II** | | 1,56 |
| **III** | | 18,67 | **III** | | 11,47 | **III** | | 4,00 |
| **IV** | | 2,97 | **IV** | | 12,52 | **IV** | | 1,35 |
| **V** | | 0,19 | **V** | | 8,54 | **V** | | 11,07 |
| **VI** | | 8,03 | **VI** | | 12,10 | **VI** | | 4,76 |
| **VII** | 3,96 | 0,90 | **VII** | 3,80 | 17,07 | **VII** | 3,59 | 23,27 |
| **VIII** | 3,67 | 3,94 | **VIII** | 3,84 | 15,14 | **VIII** | 4,08 | 7,94 |
| **IX** | 3,40 | 3,15 | **IX** | 3,74 | 2,15 | **IX** | 3,94 | 18,33 |









При вршење на споредба на минатогодишниот полугодишен успех и полугодишниот успех оваа учебна година по одделенија може да се земе во предвид само за учениците од третиот период односно учениците од седмо, осмо и деветто одделение, бидејќи само учениците од третиот период на полугодие се оценети бројчано. Заклучно горенаведеното се согледува следното:

- успехот на седмо одделение оваа учебна година е понизок во споредба со претходните две учебни години е во континуирано опаѓање, и тоа од претходната 2021/2022 учебна година средниот успех е понизок за 0,21, додека за разлика од учебната 2020/2021 година средниот успех на полугодие на седмо одделение е понизок за 0,37;

- успехот на осмо одделение оваа учебна година е највисок во споредба со претходните учебни години и тоа за разлика од минатата учебна година 2021/2022 на полугодие средниот успех е повисок за 0,24, додека за разлика од учебната 2020/2021 година средниот успех на полугодие на осмо одделение е повисок за 0,41;

- успехот на девето одделение оваа учебна година е повисок во споредба со претходните учебни години и тоа за разлика од минатата учебна година 2021/2022 на полугодие успехот е повисок за 0,20, додека за разлика од учебната 2020/2021 година средниот успех на полугодие на девето одделение е повисок за 0,54;

- општо земено полугодишниот успех оваа учебна година споредбено со полугодишниот успех од претходните две учебни години покажува благо покачување со исклучок на седмо одделение каде шти има континуиран пад споредбено со претходните учебни години. Оваа учебна година највисок успех се забележува кај учениците од осмо одделение.

Оваа учебна година согласно Законот за основно образование и Правилникот за регулирање на редовноста, отсуствата на учениците од настава и за видот на педагошки мерки и начинот на нивно изрекување во ООУ „Ванчо Китанов“ во текот на првото полугодие има изречени три педагошки мерки на една ученичка поради неоправдано отсуство од настава и тоа:

- усна опомена поради неоправдано отсуство од настава од 10 – 15 часа, изречена од страна на одделенскиот раководител;

- писмена опомена поради неоправдано отсуство од настава од 15 – 20 часа, изречена од страна на одделенскиот раководител;

- укор поради неоправдано отсуство од настава од 20 – 30 часа, изречена од страна на одделенски совет, наставнички совет и директорот.

**ПРЕГЛЕД**

***Успехот и редовноста на учениците на крајот од првото полугодие во учебната 2022/2023 година само за централното училиште во Пехчево (без подрачните училишта)***

| **реден бр.** | **одделение** | **среден успех** | **реден бр.** | **одделение** | **изостаноци по ученик** |
|---|---|---|---|---|---|
| *1* | **Iа** | **описно оценети на полугодие** | *1* | **Iа** | 0,40 |
| *2* | **Iб** | | *2* | **Iб** | 1,00 |
| *3* | **IIа** | | *3* | **IIа** | 2,08 |
| *4* | **IIб** | | *4* | **IIб** | 1,07 |
| *5* | **IIIа** | | *5* | **IIIа** | 1,33 |
| *6* | **IIIб** | | *6* | **IIIб** | 6,67 |
| *7* | **IVа** | | *7* | **IVа** | 2,69 |
| *8* | **IVб** | | *8* | **IVб** | 0,00 |
| *9* | **V** | | *9* | **V** | 11,07 |
| *10* | **VIа** | | *10* | **VIа** | 0,54 |
| *11* | **VIб** | | *11* | **VIб** | 9,33 |
| *12* | **VIIа** | 4,01 | *12* | **VIIа** | 36,18 |
| *13* | **VIIб** | 3,16 | *13* | **VIIб** | 10,36 |
| *14* | **VIIIа** | 4,29 | *14* | **VIIIа** | 7,44 |
| *15* | **VIIIб** | 3,84 | *15* | **VIIIб** | 8,33 |
| *16* | **IXа** | 4,43 | *16* | **IXа** | 0,57 |
| *17* | **IXб** | 3,90 | *17* | **IXб** | 6,77 |
| *18* | **IXв** | 3,55 | *18* | **IXв** | 44,93 |







Преку увидот од табеларниот преглед за успехот на учениците и редовноста се забележува следното:

- со највисок успех се IXа одделение со среден успех 4,43;
- со најнизок успех се VIIб оддление со среден успех 3,3,6;
- најмал број на изостаноци по ученик се забележуваат во IVб одделение, односно немаат ниту еден изостанок, додека
- најголем број на изостаноци по ученик се забележуваат во IXв одделение, каде што има 553 неоправдани изостаноци поради нередовно неоправдано посетување на настава од страна на две ученички поради, за што се преземени сите потребни законски мерки. Едната ученичка на полугодие има 445 неоправдани иостаноци, додека другата ученичка има 108 неоправдани изостаноци според кои се изречени соодветни педагошки мерки.

**ПРЕГЛЕД**

***Анализа на успехот по одделенија и предмети на крајот од првото полугодие во учебната 2022/2023 година во централното училиште во Пехчево***

| VII одделение | |
|---|---|
| **Наставен предмет** | **Среден успех** |
| Македонски јазик | 3,31 |
| Математика | 2,79 |
| Англиски јазик | 3,16 |

| | |
|---|---|
| Француски јазик | 3,05 |
| Германски јазик | 4,47 |
| Ликовно образование | 4,58 |
| Музичко образование | 4,29 |
| Информатика | 3,78 |
| Географија | 3,13 |
| Историја | 4,12 |
| Етика | 2,99 |
| Биологија | 3,18 |
| Физичко образование | 3,78 |
| **Изборен предмет** | |
| Вештини за живеење | 3,68 |
| **Среден успех на седмите одделенија** | **3,59** |




Преку анализа на успехот по предмети во седмо одделение се забележува следното:
-најдобар е успехот по ликовно образование 4,58;
-најслаб е успехот по математика 2,79;
-среден успех на седмо одделение е 3,59.

**VIII одделение**

| **Наставен предмет** | **Среден успех** |
|---|---|
| Македонски јазик | 3,61 |
| Математика | 3,61 |
| Англиски јазик | 3,93 |
| Француски јазик | 4,17 |
| Германски јазик | 4,44 |
| Ликовно образование | 4,51 |
| Музичко образование | 4,42 |
| Географија | 3,87 |
| Историја | 4,35 |
| Граѓанско образование | 4,19 |
| Биологија | 3,74 |
| Физика | 3,90 |

| | |
|---|---|
| Хемија | 3,60 |
| Физичко образование | 4,51 |
| **Изборен предмет** | |
| Вештини за живеење | 4,50 |
| Проекти од информатика | 3,87 |
| | |
| **Среден успех на осмо одделение** | **4,08** |




Преку анализа на успехот по предмети во осмо одделение се забележува следното:
-најдобар е успехот по ликовно образование 4,51;
-најслаб е успехот по хемија 3,60;
-среден успех на осмо одделение е 4,08.

**IX одделение**

| **Наставен предмет** | **Среден успех** |
|---|---|
| Македонски јазик | 3,82 |
| Математика | 3,34 |
| Англиски јазик | 3,34 |
| Француски јазик | 3,81 |
| Германски јазик | 4,58 |
| Ликовно образование | 4,56 |
| Музичко образование | 4,54 |
| Географија | 3,84 |
| Историја | 4,14 |
| Граѓанско образование | 4,11 |
| Биологија | 3,58 |
| Физика | 3,75 |
| Хемија | 3,46 |
| Иновации | 4,04 |
| Физичко образование | 4,66 |
| **Изборен предмет** | |
| Програмирање | 3,96 |
| Унапредување на здравјето | 3,44 |

| Среден успех на деветите одделенија | 3,94 |
|---|---|




Преку анализа на успехот по предмети во деветто одделение се забележува следното:
-најдобар е успехот по физичко образование 4,66;
-најслаб е успехот по англиски јазик и матеметика 3,34;
-среден успех на деветто одделение е 3,94.

**ПРЕГЛЕД**
***Успехот и редовноста на учениците на крајот од првото полугодие во учебната 2022/2023 година во ПУ с Црник***

| Реден бр. | одделение | Среден успех |
|---|---|---|
| *1* | **I** | **описно оценети на полугодие** |
| *2* | **II** | |
| *3* | **III** | |
| *4* | **IV** | |
| *5* | **V** | |
| *6* | **VI** | |
| *7* | **VII** | 3,28 |
| *8* | **VIII** | 3,03 |
| *9* | **IX** | 3,93 |

| Реден бр. | одделение | Изостаноци по ученик |
|---|---|---|
| *1* | **I** | 2,33 |
| *2* | **II** | 1,00 |
| *3* | **III** | 0,00 |
| *4* | **IV** | 0,00 |
| *5* | **V** | 0,00 |
| *6* | **VI** | 21,38 |
| *7* | **VII** | 29,63 |
| *8* | **VIII** | 16,00 |
| *9* | **IX** | 12,25 |




Бидејќи на полугодие бројчано се оценети само оние ученици кои учат во одделенијата во последниот третиот период, од увидот на табелата јасно се гледа дека:
-најдобро одделение по успех е IX одделение со среден успех 3,93;
-најслабо одделение по успех е VIII одделение со среден успех 3,03;
-најмногу изостаноци по ученик се забелжани во VII одделение;
-најмал број на изостаноци, односно ниту еден изостанок во III, IV, V одделение.
Споредбено со успехот во централното училиште во ПУ с. Црник средниот успех на учениците е послаб, но во овој случај битно е да се напомене дека ПУ с. Црник е мултинационално училиште во кое што учат ученици од различни националности и тоа турска, ромска националност и бошњаци, при што според бројноста на учениците во најголем број се застапени ученици од ромска националност, потоа се учениците од турска и два ученика по националност бошњаци. Во ПУ с. Црник има само еден ученик од македонска националност, а во иднина нема да има ученици од македонска националност.

**ПРЕГЛЕД**

***Анализа на успехот по одделенија и предмети на крајот од првото полугодие во учебната 2022/2023 година во ПУ с. Црник***

**VII одделение**

| **Наставен предмет** | **Среден успех** |
|---|---|
| Македонски јазик | 3,00 |
| Математика | 1,88 |
| Англиски јазик | 3,13 |
| Француски јазик | 2,63 |
| Ликовно образование | 4,63 |
| Музичко образование | 4,00 |
| Информатика | 3,00 |
| Географија | 3,38 |
| Историја | 3,38 |
| Етика | 3,50 |
| Биологија | 2,50 |
| Физичко образование | 3,50 |
| **Изборен предмет** | |
| Вештини за живеење | 4,13 |

| | |
|---|---|
| **Среден успех на седмо одделение** | **3,28** |

Преку анализа на успехот по предмети во седмо одделение се забележува следното:
-најдобар е успехот по ликовно образование 4,63;
-најслаб е успехот по математика 1,88;
-среден успех на седмо одделение е 3,28.




| VIII одделение | |
|---|---|
| **Наставен предмет** | **Среден успех** |
| Македонски јазик | 3,00 |
| Математика | 1,66 |
| Англиски јазик | 2,44 |
| Француски јазик | 2,44 |
| Ликовно образование | 4,33 |
| Музичко образование | 3,88 |
| Географија | 3,33 |
| Историја | 3,32 |
| Граѓанско образование | 3,66 |
| Биологија | 2,22 |
| Физика | 2,44 |
| Хемија | 2,77 |
| Физичко образование | 3,22 |
| **Изборен предмет** | |
| Проекти од информатика | 3,77 |
| **Среден успех на осмо одделение** | **3,03** |

Преку анализа на успехот по предмети во осмо одделение се забележува следното:
-најдобар е успехот по ликовно образование 4,33;
-најслаб е успехот по математика 1,66;
-среден успех на осмо одделение е 3,03.




**IX одделение**

| Наставен предмет | Среден успех |
|---|---|
| Македонски јазик | 3,88 |
| Математика | 3,25 |
| Англиски јазик | 3,50 |
| Француски јазик | 3,25 |
| Ликовно образование | 4,62 |
| Музичко образование | 4,75 |
| Географија | 4,00 |
| Историја | 4,00 |
| Граѓанско образование | 4,00 |
| Биологија | 3,75 |
| Физика | 4,00 |
| Хемија | 3,88 |
| Иновации | 4,00 |
| Физичко образование | 4,25 |
| **Изборен предмет** | |
| Програмирање | 3,75 |
| **Среден успех на девето одделение** | **3,93** |

Преку анализа на успехот по предмети во деветто одделение се забележува следното:
-најдобар е успехот по музичко образование 4,75;
-најслаб е успехот по математика  и француски јазик 3,25;
-среден успех на деветто одделение е 3,93




**ПРЕГЛЕД**

***Анализа на редовноста од I и V одделение на крајот од првото полугодие во учебната 2022/2023 година во ПУ с. Робово, ПУ с. Умлена и ПУ с. Панчарево***

| ПУ с. Умлена | | | ПУ с. Робово | | | ПУ с.Панчарево | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| ***одд*** | ***Среден успех*** | **Изостаноци по ученик** | ***одд*** | ***Среден успех*** | **Изостаноци по ученик** | ***одд*** | ***Среден успех*** | **Изостаноци по ученик** |
| **I** | **описно оценети на полугодие** | / | **I** | **описно оценети на полугодие** | / | **I** | **описно оценети на полугодие** | / |
| **II** | | / | **II** | | 0.00 | **II** | | / |
| **III** | | / | **III** | | 0.00 | **III** | | / |
| **IV** | | / | **IV** | | 0,00 | **IV** | | 8,33 |
| **V** | | 0.00 | **V** | | / | **V** | | / |

Во подрачните училишта во кои се изведува настава до петто одделение учениците се описно оценети, а бројот на изостаноци е многу мал што претставува една позитивна карактеристика на училиштето.

Учениците од прво до третто одделение во сите периоди се оценуваат описно. Учениците од четврто до шесто одделение се оценуваат комбинирано, и бројчано и описно(описно на двете тримесечја и на полугодие, а бројчано само на крајот на учебната година) според Закон за основно образование.

**Активности на учениците**

Во училиштето со иницијатива на ученичкиот парламент и ученичкиот правобранител скоро секој месец се реализираат активности согласно нивната програма за работа.
Училиштето ја реализира програмата „Интеграција на еколошкта едукација во македонскиот образовен систем“, каде што учениците за време на редовните часови реализираат разновидни еко содржини и еко активности во склоп на програмата, а преку еко одборот во кој што активна улога имаат и самите ученици се овозможуваат, поддржуваат и реализираат активности од самата програма.

Во соработка со наставниците и родителите преку проектот од МОН, учениците се вклучени во реализација на различни активности предвидени со програмата, како што се организирање на заеднички работилници, спроведување на заеднички еколошки акции, заедничко учество на предавања на различни теми и сл.

Исто така училиштето е вклучено и во проектот Меѓуетничка интеграција во образованието каде што учениците на одделенскиот час или на редовните часови каде наставниците се во можност се запознаваат со карактеристиките на различни култури и етникуми кои живеат во нашата држава. Голема би била улогата на ученичката заедница во склоп на овој проект доколку би се обезбедило партнер училиште, преку заедничките активности што би требало да се спроведат со ученичката заедница од партнер училиштето.

Во текот на првото полугодие нашето училиште беше вклучено во реализација на проектот кој се реализираше во 24 школи во Македонија - Организирано од Здружение на професори по француски јазик на Македонија „ЕкоФРАложи“ - креативни работилници по француски јазик за подигање на свеста на учениците за климатските промени.

Учениците од нашето училиште зедоа и активно учество во Новогодишниот концерт кој беше организиран од Домот на културата, а исто така учествуваа и на објавени конкурси.

Училиштето е вклучено во проектот Антикорупциска едукација на учениците во основните училишта каде наставниците се задолжени да реализираат активности поврзани со антикорупциски содржини (квизови, театарска претсатава, литературен или ликовен натпревар и сл.) во конекција со предметот граѓанско образование или животни вештини.

## И З В Е Ш Т А Ј
## за реализирано предавање за антикорупциска едукација на учениците во ООУ„Ванчо Китанов“ – Пехчево

**Цели на предавањето:**

Ученикот/ученичката е потребно:

- да се запознае со поимите корупција, антикорупција, интегритет и етичност;
- да се запознае што значи „одолевање на социјален притисок“;
- да знае за облиците во кои може да се појави корупцијата и начинот на спречување и заштита од истата;
- да ги препознава механизмите за спречување на корупцијата;
- да го сфати штетното влијание на корупцијата во општеството;
- да ја сфати улогата на Државната комисија за спречување на корупција во Република Македонија и механизмите преку кои таа делува;
- да анализира како и каде може да се појави корупцијата и на кој начин може да се спречи истата;
- да се стави во ситуација, во која ќе има активна улога, преку која ќе разбере за антикорупцијата и за потребата од антикорупциска едукација и
- да се стави во улога на активен граѓанин, кој ќе придонесе за развојот на Република Македонија.

**Целна група:** Учениците од VIII одделение при ООУ„Ванчо Китанов“ – Пехчево

**<u>Место на одржување на предавањето:</u>** ООУ„ Ванчо Китанов“ – Пехчево

Програмата „Антикорупциска едукација за учениците од основните училишта“ е основа за воспоставување вредносен систем што ќе ги промовира придобивките од доброто владеење и однесување. Заменувајќи ги лошите навики и пораки со добри и истакнувајќи ги позитивните примери, ученикот ќе може да ја препознае корупцијата и да се заштити од оваа негативна општествена појава. Програмата ќе овозможи учениците да можат да ги препознаваат механизмите за спречување на корупцијата, да го сфатат штетното влијание на корупцијата во општеството, како и улогата на Државната комисија за спречување на корупција во Република Македонија и механизмите преку кои таа дејствува.




**Тек на активностите:**

На 7.12.2022 год., тимот задолжен за „Антикорупциска едукација на учениците во основните училишта” при ООУ „Ванчо Китанов” – Пехчево (во состав на Влатко Шалески – наставник по граѓанско образование, Николина Каракашова – наставник по географија, Магдалена Симовска - наставник по француски јазик и Александра Ковачовска-Постоловска – наставник по англиски јазик) спроведе предавање на учениците од VIII одд. посветени на оваа проблематика.
На ова предавање учениците се запознаа со поимите за антикорупција, можностите за заштита и превентивно делување кон корупциските активности. Преку Power Point презентација детално беа објаснети клучните поими: корупција, антикорупција, интегритет, етичност, социјален притисок, механизми за спречување на корупцијата, Државна комисија за спречување на корупција, пари, подароци, облека, храна, услуги. Учениците ги разбраа клучните поими преку дискусија, примери, анализираа ситуации, личности и настани поврзани со корупцијата, се ставаа во други ситуации сѐ со цел да станат активни граѓани, коишто ќе придонесат кон развојот на модерното демократско општество.

**Евалуација:** Како учесници на тимот сметаме дека спроведеното предавање за Антикорупциска едукација беше интересно за учениците, корисно и успешно.

**Забелешка:** Учениците од VI одделение ќе бидат запознаени со основните поими за антикорупција на час на одделенската заедница од страна на одделенските раководители.

**Потпис на членовите на тимот:**
Влатко Шалески

Магдалена Симовска,Николина Каракашова,Александра Ковачовска - Постоловска

Секој чекор кој го правиме е чекор повеќе кој не води напред. Малите неуспеси не не обесхрабруваат туку ни даваат поттик да одиме напред со нови сили, поголем мотивив за постигнување на подобри резултати.

*Наш интерес е секој воспитно – образовен предизвик да го ставиме во функција на ученикот, родителот, заедницата и локалната средина.*

***„Образованието е фундаментално човеково право. Тоа им пружа на децата, младите и возрасните моќ критички да размислуваат, да прават избор и да си го подобрат животот.“***

Училишен одбор при
ООУ „Ванчо Китанов“ – Пехчево
Претседател

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на Р.М. бр.5/2002), и член 81 од Статутот на општина Пехчево (Сл.Гласник на општина Пехчево бр.03/2021), Градоначалникот на општина Пехчево донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Одлука за усвојување на развојна програма за работа на ООУ „Ванчо Китанов„ - Пехчево за период 2023 -2027 година**

СЕ ОБЈАВУВА Одлука за усвојување на развојна програма за работа на ООУ „Ванчо Китанов„ - Пехчево за период 2023 -2027 година, што советот на општина Пехчево ја донесе на 15-та седница одржана на ден 28.03.2023 година.

Бр. 09-456/7
28.03.2023 год.
Пехчево

Градоначалник на
Општина Пехчево
Александар Китански с.р

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 6 од Законот за локална самоуправа (Сл. Весник на РМ бр.05/02) и член 30 став 1 точка 27 од Статутот на општина Пехчево (Сл. гласник на општина Пехчево бр. 03/2021), советот на општина Пехчево на седницата одржана на 28.03.2023 година донесе:

**О Д Л У К А**
**за усвојување на развојна програма за работа на ООУ „Ванчо Китанов„ - Пехчево за период 2023 -2027 година**

**Член 1**

Советот на општина Пехчево ја усвојува развојната програма за работа на ООУ „Ванчо Китанов„ - Пехчево за период 2023 -2027 година.

**Член 2**

Развојната програма за работа на ООУ „Ванчо Китанов„ - Пехчево за период 2023 -2027 година, бр. 01-81/1 од 27.02.2023 година, е составен дел од оваа Одлука.

**Член 3**

Одлуката влегува во сила осмиот ден од денот на објавување во Сл. Гласник на општина Пехчево.

Бр.08-446/1
28.03.2023 година
Пехчево

Совет на општина Пехчево
Претседател
Виолета Ѓорѓиевска с.р



**РАЗВОЈНА ПРОГРАМА ЗА РАБОТА НА ОСНОВНОТО УЧИЛИШТЕ**

***„Ванчо Китанов''***

***Пехчево***

**за период од 2023 до 2027 година**

Согласно член 49 став 1 и став 2 од Законот за основно образование („Службен весник на РСМ“ бр.161/19, 229/20) и Правилникот за формата и содржината на развојната и годишната програма за работа на основното училиште бр.18-6579/1 од 06.07.2020 година

ООУ„Ванчо Китанов“ - Пехчево ја изготви Развојната програма за работа на училиштето за периодот 2023-2027 година.

Со Развојната програма се планираат целите и визијата на училиштето во периодот од четири години, со конкретно наведени активности на училиштето согласно со стратешките и концепциските документи и стручни документи и упатства утврдени од надлежните институции.
Развојната програма за работа на основното училиште претставува документ со кој се планираат визијата и мисијата, приоритетните подрачја за развој на основното училиште, како и начинот на следење и евалуација на нивната реализација, за период од четири години, со цел да се унапреди воспитно-образовната работа во училиштето.

**Содржина**

**Вовед**


1. **Податоци за основното училиште**
   1.1. Идентификациони податоци за училиштето
   1.2. Историјат на основното училиште
   1.3. Специфики кои го карактеризираат училиштето во однос на другите училишта
2. **Преглед на постоечките ресурси со кои располага основното училиште**
   2.1. Број на вработени и стручен профил (човечки ресурси) и стручна подготовка
   2.2. Работен стаж на вработените
   2.3. Простор
   2.4. Опрема и наставни средства
   2.5. Материјално-финансиско работење на училиште

3. **Подрачје на работа на основното училиште, наставен план и наставна програма**

4. **Евалуација на работата на основното училиште во претходните четири години**
   4.1. Самоевалуација на основното училиште (интерна)
   4.2. Интегрална евалуација на основното училиште (екстерна)

5. **Фактори кои влијаат на развојот на основното училиште (SWOT анализа)**

6. **Мисија и визија на основното училиште**

7. **Стратешки цели и приоритетни подрачја за развој на основното училиште во четиригодишниот период**

8. **Соработка на основното училиште со родителите/старателите**


**Вовед**

Развојната програма и нејзиното изработување се одвиваше во мошне изменети услови од досегашните услови на организирање и реализирање на наставата во училиштето, поради специфичната ситуација со пандемијата на Ковид-19, односно новиот предизвик за вработените, учениците и родителите - „учењето на далечина“, како и потребата за промени во начинот на натамошното организирање и реализирање на наставата и нејзино приспособување на постојната состојба и условите на средината за реализирање на учењето. Како цели во развојната програма ги вградивме:

- унапредување и осовременување на условите на реализација на наставата;
- развивање и унапредување на компетенциите и потенцијалите кај учениците;
- развивање самодоверба и свест кај ученикот за сопствената индивидуалност и одговорност за своите постапки;
- воспитување за почитување на различностите, соработка, почитување на основните човекови слободи и права;
- подготвување на ученикот за одговорен живот во слободно, граѓанско и демократско општество;
- развивање на способности и вештини за истражување, експериментирање и решавање на проблеми;

- стекнување општи и применливи знаења и вештини што се потребни во секојдневниот живот или за натамошно образование;
- унапредување на здравиот начин на живеење и воспитување за преземање одговорност за сопственото здравје и за заштита на животната средина промовирање на креативноста, индивидуалниот развој и личноста на учениците;
- унапредување на професионалниот развој на вработените кој ќе ги следи современите текови на животот и технолошкиот развој;
- постојана грижа за здравјето во училиштето
- градење на взаемна почит, доверба, позитивна клима и средина за учење;
- унапредување на формите на соработка со родителите и локалната средина.

Развојната програма се заснова на: Законот за основно образование, Правилникот за формата и содржината на развојната и годишната програма за работа на основното училиште, Стратегијата за образование 2018-2025, Концептот за развивање на систем на образование од далечина, Концепцијата за воннаставни активности во основното образование, Концепцијата за инклузија на деца со посебни потреби во основното образование, Концепцијата за државно тестирање во основното образование, Законотот за наставници и стручни соработници во основните и средните училишта и други закони, подзаконските и интерните акти, Наставните планови и програми, Годишните програми за работа на основното училиште, Годишните извештаи за работа на основното училиште од претходните четири години, Извештајот од интегрална евалуација на основното училиште и сл.

**Податоци за основното училиште**

***1.1. Идентификациони податоци за основното училиште***

| **Податоци** | |
|---|---|
| Име на основното училиште | ООУ„Ванчо Китанов„-Пехчево |
| Адреса | Ул„Дамјан Груев„ бр 1 |
| Телефон | 033-441-126 , 072-241-720 |
| Место, општина | Пехчево, Пехчево |
| Веб-страница | |
| Е-маил | vanco.kitanov@yahoo.com |
| Ден на училиштето | 21 Мај |
| Внатрешна површина на училиштето (m2) | 3 016 м$^2$ |
| Училиштен двор(m2) | 16 403 m$^2$ |
| Подрачни училишта во состав на основното училиште, место | ПУ с.Умлена, ПУ с.Робово, ПУ с.Црник, ПУ с.Панчарево и ПУ с. Чифлик е во мирување |
| Капацитет на училиштето (максимален број на ученици) | 800 |
| Број на ученици (моментална состојба) | 303 |
| Број на паралелки | 30 |
| Јазик/јазици на кој/кои се реализира наставата во училиштето | Македонски јазик |
| Во основното училиште има паралелки за ученици со посебни образовни потреби | / |
| Број на смени во кои се реализира наставата во училиштето | Една смена |
| Во основното училиште има паралелки од музичко училиште | / |

| | |
|---|---|
| Во основното училиште има ресурсен центар | / |
| Други идентификациони податоци карактеристични за основното училиште | |

### *1.2. Историјат на основното училиште*

Училиштето е основано во 1920 година, наставата се изведува на македонски јазик и работи во прва смена. Површината на објектот изнесува 3 946 $м^2$, површината на училишниот двор изнесува 16 403 $м^2$, а бруто површината изнесува 25 755 $м^2$.
Голем е бројот на учениците кои овде го завршиле основното образование и продолжиле да се школуваат на разни степени образование. Некои од нив денес се лекари, инжинери, професори и друго.
Училишната бибилиотека располага со книжен фонд од 10 139 книги.
Се настојува да се подобрат условите за работа и да осовремени наставата со сопствена грижа, но и преку аплицирање за разни проекти.
Вонннаставните активности се развиваат преку работата на секциите, преку кои се постигнати солидни резултати.
Училиштето и учениците редовно учествуваат на натпреварите на општинско, регионално и републичко ниво и постигнале видни резултати.
Основното училиште „Ванчо Китанов” е лоцирано е во центарот на Пехчево. Го посетуваат ученици од Пехчево, Чифлик, Умлена, Робово и Панчарево.
Работата на училиштето се одвива во повеќе објекти изградени во различна година. Старата училишна зграда во Пехчево е изградена во 1920 година, кој успешно работи до 1974 година, кога се завршува со изградбата на новата училишна зграда каде што се продолжува со изведување на наставата. Во составот на училиштето има спортска сала со неопходни реквизити и справи за потребите од таа област, а исто така училиштето располага и со спортски игралишта за ракомет, фудбал, кошарка. Зградата во с. Панчарево е изградена 1927-1930 година, во с. Црник е изградена во 1948 година, зградата во с. Умлена е изградена 1948 година, а во с. Робово 1927 година. Зградата во с. Чифлик кое е во мирувње е изградена 1999 година.
Околу училиштето има зелена површина, со украсни дрвца, ограда, а во училишиот парк стои бистата на нашиот патрон.
Пред почетокот на учебната година се превземаат сите потребни активности за подобрување на условите за престој и работа во училиштето од хигиено- технички аспект.
Училишниот ентериер е на солидно ниво. Имено, во училишните холови, училници и кабинети се наоѓаат цвеќиња, дипломи и признанија на ученици и наставници и сл.

### *1.3. Специфики кои го карактеризираат основното училиште во однос на другите основни училишта*

Училиштето се наоѓа во центарот на Пехчево и во негова непосредна околина се градинката „7-ми Септември“, ОСУ „Ацо Русковски“ - Берово истурени паралелки во Пехчево и зградата на општина Пехчево. Училиштето остварува долгогодишна и успешна соработка со овие институции.
Нашето училиште е изградено во далечната 1920 година и е едно од најстарите училишта на територијата на општина Пехчево што значи дека е училиште со долгогодишна традиција.
По повод одбележувањето на патрониот празник, секоја година се положува цвеќе на споменикот на народниот херој Ванчо Китанов, чие име го носи нашето училиште.
Во непосредна близина на училиштето се наоѓа и спортското игралиште и спортска сала „Јане Сандански“, на кои редовно се одржуваат спортски натпревари, како и други манифестации.
Училиштето располага со голем училишен двор.

## 2. Преглед на постоечките ресурси со кои располага основното училиште

### *2.1. Број на вработени и стручен профил (човечки ресурси) и стручна подготовка*

| Стручен профил | Број на | Стручна подготовка |
|---|---|---|

| | извршители | | основно | ССС | ВШС | ВСС | М-р | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Наставен кадар | Одделенска настава | 17 | | | 3 | 14 | | |
| | Предметна настава | 28 | | 1 | 3 | 23 | 1 | |
| Раководен кадар | 1 | | | | | 1 | | |
| Стручни соработници | 2 | | | | | 2 | | |
| Административни службеници | 2 | | | 1 | | 1 | | |
| Помошен и технички кадар | 14 | | 4 | 10 | | | | |

***2.2. Работен стаж на вработените***

| Работен стаж | Број на вработени наставници во одделенска настава | Број на вработени наставници во предметна настава | Број на вработени стручни соработници | Број на вработени админи-стративни службени-ци | Број на вработен технички персонал | Број на вработен раководен кадар |
|---|---|---|---|---|---|---|
| До 10 години | 5 | 9 | 1 | | 2 | |
| Од 10 до 20 години | 6 | 13 | 1 | 1 | 8 | |
| Од 20 до 30 години | 4 | 4 | | 1 | 3 | 1 |
| Повеќе од 30 години | 2 | 2 | | | 1 | |
| Вкупно | 17 | 28 | 2 | 2 | 14 | 1 |

***2.3. Простор***

| Простор | Вкупен број | Површина (m2) | Состојба (се оценува од 1 до 5, согласно Нормативот од 2019 година) | Забелешка (се наведува потребата од дополнителни простории, реконструкции и сл.) |
|---|---|---|---|---|
| Училници | 18 | 972 | | |
| Кабинети | 5 | 287,31 | | |
| Библиотека | 1 | 16 | | |
| Медиотека | | | | |
| Читална | | | | |
| Спортска сала | 1 | 2 637 | | |
| Канцеларии | 4 | 118 | | |
| Училишен двор | 1 | 16 403 | | |
| Мала спортска сала | 1 | 150 | | |
| Заеднички простор за | | | | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| прослави | | | | |
| Кујна | | | | |
| Трпезарија | | | | |
| Друго/остава | 1 | 24 | | |

***2.4. Опрема и наставни средства согласно „Нормативот и стандарди за простор, опрема и наставни средства“***

| **Наставен предмет (одделенска и предметна настава)** | **Постоечка опрема и наставни средства** | **Потребна опрема и наставни средства** |
|---|---|---|
| Одделенска настава | електронски табли, детски лаптопи, печатачи, ДМИ, флеш карти, модели на геометриски форми, нагледни постери, вага, танграм, модел на дропки, магнети, лупи, 3Д форми, мтематички прибор за цртање, модел на куб, пакети за Медена замја, математички куферчиња, куферчиња за македонски јазик, пластичен часовник, глобус, агломери, таблети, детска литература | |
| техничко образование | електронска табла, 6 централни единици, 20 монитори, 20 тастатури, 20 мауси, 2 модели на турбина, модел на двотактен мотор, модел на семафор | |
| информатика | 14 централни единици, 17 монитори, 12 тастатури, 13 глувчиња, електронска табла | |
| француски јазик | електронска табла, печатач | |
| музичко образование | електронска музичка табла, печатач, пијано, 2 контрабаса, 30 мандолини | |
| биологија | електронска табла, модел на торзо, модел на скелет, електричен микроскоп, светлосен микроскоп, модел на карличен појас, модел на машки и женски репродуктивен систем, модел на око, бубрег, срце, уво, цвет, вилица, заби, растителна клетка, дикотиледон, монокотиледон, модел на мозок, крвоносен систем, модел на дигестивен систем, модел на DNK, пресек на кожа, нагледни постери, препарирани животни во тегли | |
| македонски јазик | електронска табла, печатач | |
| математика | електронска табла, геометриски тела, прибор за геометрија | |
| физика | електронска табла, комплет за цртње, жичени геометарски тела, динамометар, амперметар, волтметар, магнети, сферно огледало, колби, калеми, струјни кола | |
| хемија (лабараторија по природни науки) | електронска табла, 4 единечни санитарни јазли, едно работно биро со санитарен јазол, 2 метални шкафови, 1 шкаф со стаклени врати, 8 лабараториски маси, 16 | |

| | | |
|---|---|---|
| | лабараториски столици, периоден систем, мензури, епрувети, лабараториски прибор, разни хемикалии | |
| географија | електронска табла, 17 карти, географски глобус, компас, хигрометар, барометар, термометар, географски постери | |
| историја | електронска табла, историски атлас, историски карти 11 | |
| англиски јазик | електронска табла, печатач, читач за CD, флеш карти, CD | |
| ликовно образование | прибор за цртање | |
| Спортска сала | 2 душеци, 2 грбњачи, сет за мерење скок во височина, шведска клупа, шведски сандук, ниска греда, 10 топки за фудбал, 10 топки за кошарка, 10 топки за одбојка, 10 топки за ракомет, 4 маркер скали, 40 маркер конуси/чинии, 6 маркер конуси/корнети, 6 препреки за скокање, 6 вреќи за скокање, 20 кругови за скокање, 4 јажиња за влечење, 3 јажиња за скокање, држач за хулахори, 10 хулахопи, тунел, сет топчиња за багминтон | |
| | | |

***2.5. Материјално-финансиско работење на училиште***

ООУ „Ванчо Китанов“ – Пехчево, своето финансиско работење го спроведува врз основа на планираните и усвоени буџети во претпоставена финансиска рамка која се однесува на двете жиро сметки.
Потребите на училиштето се планираат на годишно ниво, согласно барањата на стручните активи и наставниот развоен план. Нагледните средства, ситниот инвентар и основните средства се набавуваат и се во функција на наставата, стручната служба и административното работење.
Соработката со локалната самоуправа е на исклучително високо ниво и таа е информирана за сите потреби на училиштето за нормално изведување на наставата и воннаставните активности.
Училиштето има добра соработка и со родителите. Објектите се во одлична состојба, а хигиената (особено во вонреднава ситуација) е на највисоко ниво. Во работењето се применуваат Правилници и Законот за финансиско работење на училиштето.

**3. Подрачје на работа на основното училиште- наставен план, проширена програма и друга воспитно-образовна работа**

ООУ „Ванчо Китанов“ е верифицирано со акт број 10-1432/3 од 12.06.1995 година, наставата се изведува на македонски јазик според наставните планови и програми донесени од страна на Министерството за образование и Бирото за развој на образованието.
Наставно - воспитниот процес се изведува во една смена, часовите за учениците од предметна настава започнуваат во 8 часот, а завршуваат во 14.00 часот. За учениците од од I - III одделение се организира продолжен престој од 7: 30 до 16:30. Програмата за работа во продолжен престој опфаќа организирано прифаќање и заштита на учениците во групи од прво до трето одделение, со ученици од различни одделенија во согласност со родителот. Организирањето на продолжен престој има своја поткрепа во однос на повеќе аспекти: педагошки (стручна помош за усвојување на одредени содржини), психолошки (рамномерно заменување на работата и одморот), социјален (организирање според потребите на родителите и учениците) и здравствен(развивање на културно- хигиенските навики). За време на продолженниот престој учениците учат, ги

развиваат своите способности, ги работат домашните задачи, вежбаат, работат други училишни обврски и учествуваат во културно-уметнички и други вонnаставни активности.
Наставата се планира и организира согласно Наставниот план и програма за основно образование и континуирано се следи и вреднува нејзината реализација. Со реализација на наставата се остваруваат основните образовни и воспитни цели на училиштето. Во наставниот процес учениците се стекнуваат со знаења, вештини, умеења, формираат систем на ставови и вредности и ги развиваат своите индивидуални способности.

## 4. Евалуација на работата на основното училиште во претходните четири години

### *4.1. Самоевалуација на основното училиште*

| **Подрачје** | **Резултати** |
|---|---|
| Наставни планови и програми | Во ООУ „Ванчо Китанов“ во целост се реализираат Наставните планови и програми донесени и одобрени од страна на Министерството за образование и наука. На основа на овие програми наставниците ги изработуваат своите годишни, тематски и дневни планирања. Покрај програмите за задолжителна настава се изработуваат програми и за останатите видови настава: изборна настава, додатна и долонителна настава, слободните ученички активности, програма за работа со ученици со посебни образовни потреби. Доказ за реализацијата на програмите за работа се тримесечните извештаи евидентирани во записници на родителски средби одделенски и наставнички совети, совет на родители, посети од стручна служба и директор, анкети. Наставните планови и програми се достапни на сите компоненти на воспитно образовниот процес - на сајтот на БРО, преку јавните медиуми, на одделенски часови, родителски состаноци на почеток на учебна година или тековни измени - на родителски средби или на Совет на родители родителите, преку директен пристап до е-дневникот, се комплетно и континуирано информирани за сите промени на наставните планови и програми |
| Постигнувања на учениците | Училиштето располагата со податоци за постигањата на учениците и тие резултати се сумираат на полугодие и на крајот на учебната година по сите наставни предмети, паралелки и среден успех на ниво на училиште.<br><br>За постигањата на учениците, родителите редовно се известуваат преку родителски средби и евидентни листови за успех и поведение , а во поново време родителите имаат можност тоа да го прават и преку електронскиот дневник кој е во склоп на веб-порталот на училиштето.<br><br>Согласно резултатите добиени од анализата на податоци, а со цел подобрување на постигањата на учениците се превземаат следниве активности:<br><br>-Дополнителна настава за ученици кои имаат потешкотии во совладување на наставната содржина согласно распоредот за дополнителна настава (Според |

<table>
<tr><td></td><td>

новата наставна концепција дополнителната настава е во состав на петте задолжителни часови престој во училиште);

- Додатна настава за надарени и талентирани ученици (Според новата наставна концепција додатна настава е во состав на петте задолжителни часови престој во училиште);<br>
- Индивидуален образовен план за деца со посебни потреби;<br>
- Натпревари: училишни, општински, државни и меѓународни;<br>
- Научни екскурзии и излети;<br>
- Проекти (активна настава и интерактивно учење, описно оценување, примена на ИКТ во наставата, стратегии и техники на учење, работа со надарени и талентирани деца, математика со размислување, јазична писменост, животни вештини, англиски јазик од прво одделение и др.);<br>
- Училишни работилници (новогодишни работилни, велигденски, еколошки, осмомартовски)

- Учество на изложби, на конкурси, посети на саеми на знаења.

За објективно оценување и вреднување на стекнатите знаења на учениците се користат контролни задачи , неформални тестови на знаења и писмени работи. Оценувањето е континуирано со постојано следење на развојот на ученикот со однапред утврдени критериуми за потребното ниво.

За постигнатиот успех од натпревари, конкурси, настапи, учениците редовно и јавно се пофалуваат. На тој начин го промовираме успехот и постигањата на учениците.

<table>
<tr><td></td><td>учебна година</td><td>среден успех</td></tr>
<tr><td>1</td><td>2018/19</td><td>3.89</td></tr>
<tr><td>2</td><td>2019/20</td><td>3.94</td></tr>
<tr><td>3</td><td>2020/21</td><td>3.96</td></tr>
<tr><td>4</td><td>2021/22</td><td>3.90</td></tr>
</table>

</td></tr>
<tr><td>Учење и настава</td><td>Во ООУ „Ванчо Китанов" редовно се организира и реализира настава и учење преку наставни и воннаставни активности според стандардите и правилата на МОН и БРО предвидени во наставните планови и програми. Учениците, родителите и наставниците се подеднакво информирани за измените во наставните програми и нивната реализација. Учениците се во центарот на активностите како директни учесници во воспитно-образовниот процес, но и креатори на воннаставни активности. Наставните планови и програми се реализираат според стандардите и материјално-техничките услови во училиштето. Перманентно се обучуваат наставниците, учениците, родителите и социјалните партнери за поквалитетна реализација на истите. На</td></tr>
</table>

| | |
|---|---|
| | учениците им се нудат изборни предмети според нивните интереси и предвидени од МОН, се организираат секции, натпревари за мотивација, додатна настава за напредните и натпревари како афирмирање на ученикот како личност. При тоа се реализираат проекти  кои го поттикнуваат ученикот како поединец. Сите активности се предвидуваат за ученикот, без разлика на пол или етичка припадност. Според анкетите резултатите би се подобриле, а со тоа и квалитетот на наставата и учењето, доколку се подобрат материјално-техничките услови (компјутери, фотокопири, нагледни средства и потрошен материјал), но и доколку се обезбеди поголемо учество во планирањето на Наставните планови и програми од страна на директните учесници (ученици, родители и наставници). |
| Поддршка на учениците | Во нашето училиште континуирано се дава поддршка на учениците преку индивидуални разговори со наставниците и стручната служба како и со спроведување на Превентивните програми<br><br>- Превенцијата од насилство во училиштето; Училиштето презема конкретни чекори во спречувањето на насилството преку директно делување на учениците кои предизвикуваат насилство, а учениците со самото делување се заштитени од насилство.<br><br>- Во училиштето редовно се одржуваат работилници и предавања на тема: заштита од пушење, алкохол и дрога со цел учениците да бидат запознаени од штетното дејство од употребата на цигарите, алкохолот и дрогата.<br><br>- Училиштето води грижа за здравјето на учениците и поддршка на ученици со здравствени проблеми.<br>- Училиштето води грижа за учениците кои имаат емоционални проблеми, а стручната служба (психолог), активно води разговори со ученици кои имаат емоционални проблеми. Учениците кои имаат емоционални проблеми, делумно покажуваат интерес за соработка со стручната служба. Родителите на учениците со емоционални проблеми, делумно покажуваат интерес за соработка со стручната служба во училиштето.<br><br>- Училиштето дава поддршка на ученици кои имаат потешкотии во учењето и однесувањето преку индивидуални разговори и советување.<br><br>- Училиштето препознава ученици со одредени таленти и амбиции и преку стручната служба врши разговор околу нивниот избор за понатамошното образование. Родителите делумно се вклучени во препознавањето на талентите и амбициите на учениците. Училиштето активно им пружа помош на учениците при изборот на нивното понатамошно занимање и образвание. |

| | |
|---|---|
| Клима во училиштето | Во нашето училиште наставниците се согласуваат дека меѓучовечките односи се коректни и постои професионална соработка, но таа може да биде на уште повисоко ниво.<br>Училиштето поседува куќен ред кој е истакнат во ходникот и во училниците.<br>Училиштето поседува Кодекс на однесување за учениците и наставниците и со него се запознати сите структури во училиштето.<br>Соработката меѓу наставниците е професионална, коректна и пријателска.<br>Во училиштето преку хуманитарни акции организирани од наставниците и учениците се води грижа за учениците кои имаат социјални проблеми.<br>Има соработка со социјалната служба која води грижа за учениците кои имаат семејни проблеми.<br>Училиштето ги наградува и поттикнува учениците за натпревари, но и ги промовира во различни области.<br>За време на одморите организирани се дежурства од наставниците.<br>Пофалбите, наградите и признанијата се истакнати на ѕидови по ходници, а во архива има фотокопии од наградите.<br>Училиштето поседува Статут кој се применува соодветно.<br>Училиштето води политика на взаемно почитување на сите структури.<br>Учениците се вклучени во голем број активности и одлуки кои се реализираат во училиштето.<br>Училиштето ги информира учениците за нивните права и одговорности како и за сите документи во кои се промовираат правата на децата и човековите права.<br>Постои педагошка евиденција за структурата на паралелките по пол и етничка припадност.<br>Училиштето промовира отвореност, правичност и еднаквост за сите вработени, ученици како и за родителите. Во својата работа училиштето активно и подеднакво ги вклучува учениците без разлика на етничката припадност, пол, економско и социјален статус.<br>Во училиштето има мал број на ученици од друга етничка припадност и тие имаат рамноправен третман.<br>Училиштето е отворено за соработка со членови на локалната заедница, како и за спроведување на активности од меѓуетничка интеграција во образованието.<br>Училиштето ги промовира МИО активностите преку веб страната на училштето. |
| Ресурси | Училиштето навремено ги идентификува потребите од материјално-технички средства и континуирано ги планира, но ги обезбедува според финансиските можности со кои располага.<br>Постојниот училишен мебел (клупи, столчиња) е обновен, набавени се нови табли кои оптимално се користат. Расположливите нагледни средства се во функција и максимално се користат во наставата. Училиштето располага со компјутери за потребите на администрација, учениците и наставниот кадар. Сите наставници се опремени со лаптоп |

| | |
|---|---|
| | компјутери, како и учениците од одделенска настава кои заеднички ги користат во процесот на учењето. На располагање се и други материјално технички средства (принтери, фотокопир, лцд проектори,...) за кои училиштето планира и обезбедува средства за нивно континуирано одржување. Исто така, набавени се шкафови за потребите на учениците.<br>За поголема безбедност на училиштето, поставена е безбедносна ограда околу дел од училишениот објект и паркинг простор за возилата на вработените во училиштето.<br>Училиштето континуирано го ревидира планот за подобрување и осовременување на инфраструктурата на училиштето. Од развојните цели јасно се гледаше потребата од реконструкција на речиси целиот училишен тротоар. Со тоа е заменета делумно старата инфраструктура (електрична инсталација, прозорци, врати, фасада, подни површини, санитарија, кровната конструкција во ПУ с.Робово и ПУ с. Умлена...) и целосно оградување на дворот во ПУ с.Робово.<br>Училишниот двор е делумно хортикултурно уреден со тревни површини и бекатон патеки со потреба од понатамошно уредување, обновување на кантите за отпадоци кои се врши според потребите.<br>Нашето училиште секогаш се стреми за професионален развој и стручно усовршување на наставниот кадар. За таа цел се одржуваат обуки, предавања, стручни усовршувања и семинари кои се организирани од страна на БРО, МОН, невладини организации, стручните служби во училиштето. Кадарот во училиштето секогаш зема учество на овие усовршувања, доколку е поканет и навремено информиран.<br>За секое стручно усовршување, учесниците се здобиваат со соодветен сертификат, благодарница, пофалница. Учесниците на стручните усовршувања вршат дисеминација на останатиот персонал со цел подобрување на квалитетот на наставата и работата во училиштето. |
| Раководење, управување и креирање политики | Структурата на управување во училиштето ја сочинува училишниот одбор (УО), конституиран согласно законската регулатива и Статутот на училиштето. Надлежностите, работата и одговорностите на УО се јасно дефинирани според Статутот на училиштето (член 107), Деловникот за работа на УО и Годишната програма за работа на училиштето. Состаноците и донесувањето на одлуките се одржуваат со присуство на мнозинството на членови. Членовите се известуваат писмено, со покани и тоа најмалку два дена пред одржувањето на состаноците. УО им обезбедува редовни, детални и сеопфатни информации за својата работа на другите субјекти вклучени во воспитно–образовниот процес. Тимот од УО има воспоставено партнерски однос со директорот на училиштето, стручната служба, наставниците и други заинтересирани страни (родители, ученици и локална самоуправа)<br>УО брои 7 членови и тоа: |

| | |
|---|---|
| | * тројца претставници од Наставнички совет на училиштето;<br>* тројца претставници од Совет на родители;<br>* еден претставник од Локалната самоуправа.<br>Во Деловникот за работа на УО е пропишано задолжително присуство на најмалку по еден претставник од поединечните структури во УО, освен во случаи на најавено отсуство или неименувани претставници од Основачот.<br>Покрај органот за управување и раководниот орган, во училиштето работат и стручни органи тела: Наставнички совет, Совет на родители, Совет на предметни и одделенски наставници, Стручни активи како и раководители на паралелки. Проблемите најчесто се решаваат на Наставнички совет или со формирање на комисии кои треба да донесат соодветни одлуки поврзани со некој проблем во училиштето. Одлуките се донесуваат од мнозинството на присутни членови на состаноците и истите се евидентираат во записниците на Наставнички совет или Одделенските совети. Во рамките на училиштето се донесени и интерни правилници за работа на училиштето. |
| | Училишната политика е дефинирана со: Статутот на училиштето, Годишната програма за работа на училиштето, Правилникот за работа на Советот на родители, Правилник за работа на Училишен Одбор, Правилникот за куќен ред во училиштето, Правилник за организирање и изведување на ученичките екскурзии, Правилникот за јавни набавки, Правилник за проширена програма, Правилник за работно воведување според систематизација на работните места, Правилник за пофалби, награди и казни<br>Врз основа на изготвените правилници, раководниот тим во училиштето во согласност со МОН, БРО, Советот на родители и локалната власт ја креира политиката во училиштето. Во креирањето на училишната политика вклучени се сите структури и вработени во училиштето.<br>Основа за развој на училишната политика се идеите и иницијативите кои произлегуваат од родителските средби и Советот на родители. Земени се во предвид и иницијативите и ставовите на Наставничкиот совет, Одделенскиот совет, Совет на родители, Училишниот одбор и директорот на училиштето, кои се усогласуваат со потребите, законските мерки и надлежности на училиштето. Раководниот тим на училиштето јасно ги има утврдено надлежностите во согласност со Законот за основно образование, Статутот на училиштето како и останатите акти. При креирањето на училишната политика, континуирано се соработува со Министерството за образование, Бирото за развој на образование и со локалната средина. Се одржуваат средби и соработка со стручни лица, се организираат едукативни предавања и размена на искуства со други училишта од локално и национално ниво. Во училиштето се почитува правото на информираност, кое се врши преку информации и соопштенија на огласни табли во канцеларија и холот. Со цел да се информираат родителите за успехот и постигнувањата |

| | |
|---|---|
| | на учениците, секој наставник е отворен за соработка, а родителите имаат пристап и до електронскиот дневник. За сите активности во училиштето, овозможено е информирање и преку WEB-страната на училиштето. Училиштето има педагог, психолог, стручни активи, комисија за јавна и културна дејност, комисија за детска ученичка организација, и уште многу други комисии кои постојано се формираат во текот на учебната година, обучени лица за прва помош и заштита, заштита на лични податоци итн. Нашето училиште е вклучено во следниве проекти:<br>- Со читање до лидерство;<br>- Јазична писменост;<br>- Меѓуетничка интеграција во образованието;<br>- Интеграција на еколошка едукација во македонскиот образовен систем.<br>При креирањето на политиката важно е да се спомне и следново:<br>- Училиштето има рамноправен однос кон учениците со посебни потреби но и кон оние кои покажуваат особени афинитети и способности за одредена област;<br>- Наставниците покажуваат интерес за работа со посебно талентирани деца;<br>- Училиштето дава целосна подршка за учество во натпревари (материјално и стимулативно се поддржани);<br>- Се дава простор и време за подготовка;<br>- Се има целосен надзор од наставниците ментори;<br>- Пред одржување на натпреварите, на учениците – учесници дадено им е време за подготовка.<br>Наставата во училиштето се одвива на македонски јазик. Одделенскиот и Наставничкиот совет како и сите состаноци се одржуваат на македонски јазик, воедно и целата педагошка евиденција се води на македонски јазик.<br>Во наставата се изучуваат три странски јазици (англиски, германски и француски јазик), но доколку децата изразат желба за изучување на други јазици отворени сме за соработка и исполнување на таквото барање.<br>Вработените во училиштето во согласност со наставните содржини според наставниот план и програма, како и работните задачи, активно го инволвираат еколошкото образование и заштитата на животната средина. За таа цел се спроведуваат бројни активности за време на наставата и вон наставата: собирање на стара хартија и пластична амбалажа, пишување пораки и пароли за штедење на електрична енергија, вода, засадување дрвца и цвеќиња во училниците и во училишниот двор, селектирање на отпадот, хортикултурно уредување на училниците, еко-химна, подготовка на рецепти за здрава храна, учество на ликовни литературни конкурси, едукативни работилници и предавања поврзани со отпадот и негово селектирање и др. Дел од овие активности се презентираат пред родителите за да се запознаат со активностите во училиштето како и самите да се едуцираат за селектирање на отпадот. |

*4.2. Интегрална евалуација на основното училиште*

| Подрачје | Согледувања |
| --- | --- |
| Наставни планови и програми | Во ООУ „Ванчо Китанов“ наставата се реализира според наставните планови и програми за деветгодишно основно образование во согласност со донесените програмски документи изготвени од БРО и одобрени од МОН. Одделенските раководители на почетокот на годината ги запознаваат родителите со наставниот план и програми според кои се изведува наставата. Се изработува брошура на почетокот на учебната година со која се информираат родителите за делови од Годишната програма за работа. Во училиштето има формирано Училишен инклузивен тим со изготвена програма за работа, иако нема ученици со ПОП. Во склоп на годишната програма за работа на училиштето има и програма за идентификација и работа со надарени и талентирани ученици, иако се уште нема воспоставено систем на идентификација и работа со истите поради немање соодветни инструменти. Во училиштето се реализираат повеќе програми и проекти.<br>Во училиштето има воспоставена процедура за избор на предмети преку анкетни листови според наставниот план, за што се изготвува извештај од спроведената анкета кои изборни предмети ќе се изучуваат следната учебна година.<br>Училиштето и општина Пехчево имаат потпишано меморандум за соработка.<br>Во училиштето се негува етничка рамноправност и мултикултурна сензитивност при реализација на наставните програми.<br>Годишната програма ги содржи елементите за квалитетно остварување на воспитно-образовната работа и истата се имплементира во најголем дел.<br>Училиштето разгледува мислења и дискутира за наставните планови и програми преку формалните органи, но нема покрената иницијатива за изменување или дополнување на истите.<br>Училиштето планира и реализира разновидни воннаставни активности што произлегуваат од потребите и интересите на учениците и служат за поддршка на нивниот личен и социјален развој, без оглед на нивниот пол, етничка припадност и социјално потекло, иако интересот за учество е мал и во најголем број активности се вклучени истите ученици. Учениците со поддршка на училиштето учествуваат на различни манифестации и натпревари, на училишно, општинско, регионално и државно ниво, каде постигнуват резултати и успеси во различни области.<br>Училиштето планира и реализира ученички екскурзии и при нивното планирање и подготвка, доследно ги почитува одредбите од Правилникот за начинот и изведување на ученичките екскурзии и другите слободни активности на учениците во основните училишта. |

| | |
|---|---|
| Постигнувања на учениците | Училиштето располага со податоци и анализи за постигнувања на учениците според пол и етничка припадност по сите наставни предмети, за сите класификациони периоди по години и паралеки и презема активности за нивно подобрување. Средниот успех во последните три учебни години изнесува 3.85 за учебната 2016/17 год., 3,74 за учебната 2017/18 год. и 3.89 за учебната 2018/19 година. Училиштето промовира уверување дека постигањата на сите ученици можат да се подобрат. Стручната служба ги анализира постигнувањата на учениците при премин од одделенска во предметна настава. Наставниците им даваат поддршка на учениците кои имаат потешкотии во учењето, на надарените ученици и на учениците со пречки во развојот, избирајќи активности, соодветни на нивните можности и потреби. Во текот на целата учебна година, училиштето реализира дополнителна настава по сите предмети за учениците кои имаат потреба и додатна настава за учениците кои покажуваат интерес и постигнуваат значителни резултати во одделни области.<br>Училиштето има изградена политика за запишување на сите деца од општината, а по барање на родителите се врши упис и на ученици од други општини.<br>Училиштето системски ја следи редовноста на учениците, ги анализира причините за отсуство од наставата и презема конкретни активности. Бројот на изостанувања од настава во учебната 2016/2017 година во просек по ученик изнесува 14.79 оправдани и 0.61 неоправдани изостаноци, во учебната 2017/2018 година во просек по ученик изнесува 16.32 оправдани и 0.75 неоправдани изостаноци и во учебната 2018/2019 година во просек по ученик изнесува 29.08 оправдани и 0.64 неоправдани изостаноци. Според анализите, просечниот број на изостаноци од година во година незначително се менува. Училиштето редовно ги реализира советувањата на родителите и води уредна документација.<br>Училиштето ја почитува постапката за премин на ученици од едно училиште во друго. Информациите од другото училиште, од страна на стручната служба и одделенскиот раководител се земаат предвид при понатамошната воспитно-образовна работа со ученикот. Во последните три учебни години, вкупно 26 ученици се испишале, а 4 ученици се запишале во училиштето.<br>Во последните три години, според увидот во документацијата, главните книги и записниците од советите на паралелките, констатирано е дека сите ученици ја завршуваат годината. Училиштето ги запознава учениците за правото за поднесување на приговор доколку има незадоволство од постигнатиот успех на крајот на наставната година. |
| Учење и настава | Во училиштето има пропишани приоди и утврдени процедури за поддршка и следење на планирањата на |

| | |
|---|---|
| | наставата од страна на директорот и стручната служба. Годишните и тематските планирања се разгледуваат и прибираат на почетокот на учебната година, а дневно-оперативните планирања континуирано се следат во текот на годината и при посетите на часови од страна на директорот и стручната служба. Сите наставници ја планираат редовната, додатната и дополнителната настава. Наставниците разменуваат искуства и идеи во рамки на стручните активи и со поддршка од стручната служба. За изработка на планирањата, наставниците од одделенска настава најчесто заеднички ги изработуваат, додека наставниците од предметна настава своите планирања ги изработуваат индивидуално. Распоредот на часови се изготвува од директорот и е направен според просторните и кадровски капацитети на училиштето.<br>Голем дел од наставниците користат наставни форми и методи, кои соодветсвуваат на потребите на учениците и нивните стилови на учење. Поголем дел од наставниците главно користат исти приоди за сите ученици, независно од индивидуалните способности за учење на учениците. За примена на информатичко-компјутерска технологија во наставата, училиштето располага со проектори, лаптопи и 4 интерактивни табли. Компјутерската опрема е осигурана од основачот. Наставниците се обучени за користење на компјутерската опрема.<br>Задачите што се работат во училиштето или дома, се планирани и најчесто поврзани со работата на учениците за време на часовите. Голем дел од наставниците користат различни ресурси за учење и настава, а голем дел користат само учебници и дополнителна прирачна литература.<br>Наставниците не секогаш ги споделуваат целите на наставата и очекуваните резултати од учењето и истите им се јасни на повеќето ученици. Поучувањето е јасно и разбирливо, соодветно на возраста на учениците. Поголем дел од наставниците се однесуваат со учениците на начин кој промовира взаемно почитување, помош, соработка и разбирање, без притоа да се прави разлика меѓу учениците во однос на нивниот пол, социјално потеко, како и нивната етичка припадност. Посетите на часовите ги врши директорот и стручната служба, а евиденцијата се бележи во изготвен формулар.<br>Учениците сметаат дека начинот на кој се учи во училиштето е интересен по одделни предмети и имаат можност да го кажат своето мислење и тоа да биде земено во предвид.<br>Учениците и родителите го доживуваат училиштето како безбедна средина за учење.<br>Наставниот кадар и стручната служба ги детектираат образовните потреби на учениците, како и пречките во процесот на учење на секој ученик, но притоа не преземаат доволно активности за нивно отстранување.<br>Училиштето ги применува позитивните законски и подзаконски прописи што го регулираат оценувањето на учениците. Критериумите на оценување на постигањата |

| | |
|---|---|
| | на учениците се според стандардите за оценување со кои учениците и родителите се целосно запознаени. Голем дел од наставниците користат различни методи и инструменти за оценување и континуирано го следат и оценуваат напредокот на учениците. Застапено е формативното и сумативното оценување. До родителите редовно се доставуваат евидентни листови за постигнувањата на учениците по квалификациони периоди. За успехот и резултатите, се расправа на родителски (индивидуални или групни) средби. |
| Поддршка на учениците | Училиштето има пропишани мерки и активности за безбедност на учениците во текот на наставата во училишната зграда и во училишниот двор и истите ги реализира според планираното. Инфраструктурата во училиштето (мебелот, скалите, подовите, покривот, прозорците, струјните места, дворот итн.) е безбедна и не претставува потенцијална опасност од повреди на учениците. Во училиштето има четири обучени наставнивци за давање прва помош на учениците при несреќи. Училиштето има интерен акт за постапување во случај на елементарни непогоди. Планот со шематски приказ на просториите е истакнат на видно место во училиштето. Во училишната зграда не е означен правецот на движење на учениците и вработените во случај на елементарна непогода. Во училиштето се изведува симулациска вежба за учениците и вработените за заштита од елементарни непогоди. Опремата за справување со пожари е поставена на достапни места и е добро распоредена низ училиштето.<br>Централното училиште е обезбедено со 12 камери од видео надзор (внатрешен и надворешен). Во училиштето има и редовни дежурства по ходниците од страна на наставниците.<br>Училишните објекти, вработените и учениците се осигурани со полиса за осигурување во осигурителна компанија АД Осигурување Македонија Виена Иншуренс груп.<br>Хигиената во училиштето редовно се одржува и е на добро ниво. Секаде се чисти секојдневно, а мебелот, вратите и прозорците генерално се чистат најмалку двапати во годината. Училиштето постапува по препораките на санитарната инспекција.<br>Грижата за здравјето на учениците е опфатена во Годишната програма за работа на училиштето и секоја година се организираат систематски прегледи, вакцинации и стоматолошки прегледи.<br>Педагошко - психолошката служба и раководителите на паралелките се одговорни за давање помош при избор на институција за понатамошно образование, преку разговор, тестирање и совети.<br>Училиштето за соработка со родителите е отворено секој работен ден и за таа цел има изготвено распоред за средби на наставниците со родителите. |
| Клима во училиштето | Училишната клима и односите помеѓу учесниците во |

| | |
|---|---|
| | воспитно – образовниот процес во училиштето се добри. Училиштето е препознатливо според квалитетот на работата и постигнувањата на учениците во различни области, како и според остварување на визијата и мисијата на училиштето. Во училиштето постои соработка меѓу вработените, учениците и другите инволвирани во воспитно-образовниот процес. Раководниот и наставниот кадар се постојани во своите напори да обезбедат добра атмосфера во училиштето, помеѓу вработените. Учениците и вработените се идентификуваат со училиштето и се грижат за неговиот углед и прават напори за обезбедување добра атмосфера во училиштето. Наставниот кадар е отворен за соработка со родителите.<br>Училиштето има кодекс на однесување, Еко-кодекс и Куќен ред во кои се поставени принципите и правилата на однесување на сите структури во училиштето (раководен кадар, наставниците, стручната служба, техничкиот персонал, учениците и родителите). Училиштето има пишани процедури за реагирање во случај на прекршување на принципите и правилата за однесување, пропишани со кодексите и таквите процедури ги спроведува во практика.<br>Дисциплината на учениците е на добро ниво. Постои работна атмосфера за време на наставата и вонnаставните активности, а вработените постојано се грижат за однесувањето и безбедноста на учениците за време на часовите и на одморите. Вработените, внимателно и авторитетно се справуваат со проблеми кои се однесуваат на дисциплината и редовноста, поради што нема прекини во наставата. Училиштето соодветно го применува Правилникот за изрекување на педагошки мерки. Во училиштето успешно функционира и Ученичкиот парламент.<br>Училиштето става голем акцент на постигнувањата на сите ученици и тие имаат можност да ги изразат своите потенцијали во наставата и воннаставните активности. Ги поттикнува наставниците и учениците да учествуваат и да постигнуваат успех на натпревари од локално, регионално, државно и меѓународно ниво. Промовирањето се врши преку веб страната на училиштето, на разни училишни манифестации, како и преку печатени и електронски медиуми, во текот на целата учебна година. Училиштето има развиен систем за наградување, како пишан документ во вид на Правилник за пофалби, награди и прогласување на ученик на генерацијата, а за сето тоа да биде реално, целокупниот процес го следи училишна комисија.<br>Сите вработени во училиштето ги знаат и почитуваат правата на децата. Училиштето ги поттикнува учениците да ги практикуваат своите права и ги заштитува во случај на нивно нарушување. Сите вработени, подеднакво се однесуваат со сите ученици, независно од полот, социјалното потекло, етничката припадност, способностите за време на активностите на часот и за |

| | |
|---|---|
| | време на воннаставните активности. Училиштето ги промовира еднаквоста и правичноста како темелни вредности во сите свои пишани документи и има механизими со кои обезбедува нивно почитување. Училиштето користи различни методи за комуникација со родители, а информациите се донесуваат на сите аспекти од работата на училиштето. Соработката со родителите задоволува. Училиштето е вклучено во животот на локалната заедница преку спроведување на заеднички проекти и организирање и учество на настани од интерес на заедницата. Соработува со Здравствен дом-Пехчево, библиотека, Дом на култура, ЈП „Равен“, Центар за јавно здравје - Кочани МВР – подрачно одделение Берово, Центар за социјални работи Берово, училишта од соседни општини и државата, НВО и здруженија. |
| Ресурси | Воспитно – образовната дејност училиштето ја реализира во една училишна зграда во централното училиште во Пехчево и во населените места во с. Панчарево, с. Робово, с. Умлена и с. Црник. Училишниот простор ги исполнува условите за изведување на наставата според Нормативот во централното и подрачните училишта. Во училиштето постојат пријатни просторни услови за одвивање на работата на наставничкиот кадар и за организирање на воспитно-образовните активности за учениците.<br>Опременоста на училиштето со нагледни средства и други технички помагала е добра со тенденција на подобрување. Училиштето располага со стручна литература и наставни средства и помагала, по сите наставни предмети кои доволно ги задоволуваат потребите за реализација на наставниот процес. Училиштето ги утврдува потребите за стручна литература и наставни средства и помагала, книги, компјутерска опрема и материјали за практична работа и ги обновува согласно расположливите финансиски средства.<br>Училиштето има сопствена библиотека која располага со 9342 книги од различен жанр. Од нив, 6536 се лектирни изданија, 1819 примероци се стручна литература и 987 се слободна литература. Библиотечната евиденција се води редовно во инвентарна книга и електронски.<br>Училиштето има обезбедено соодветен наставен кадар за реализирање на ВОП. Според образованието, 32 наставници се со високо образование, 11 наставници се со вишо образование, 1 со завршени магистерски студии. Училиштето има психолог и педагог.<br>Училиштето учествува во сите обуки и семинар икои го унапредуваат ВОП, а има евиденција за извршени десеминации од страна на наставници кои посетувале обуки.<br>Унапредувањето, раководењето и финансиското работење во училиштето е во рамките на законските норми и прописи. Училиштето има донесено финансиски план, усвоен извештај, усвоена завршна сметка и План за јавни набавки, а сето ова под контрола на Училишниот одбор. Училиштето се финансира и преку сметката за |

| | |
|---|---|
| | самофинансирање од издавање под закуп на спортската сала.<br>За финансиското работење, училиштето ги информира органите и телата во училиштето, како и локалната власт, преку полугодишен и годишен извештај.<br>Буџетот не целосно се користи наменски за креативни цели што се фокусирани на подобрување на квалитетот на наставата. |
| Раководење, управување и креирање политики | Училишниот одбор  е конституиран во согласност со законската регулатива и Статутот на училиштето. Членовите од редот на наставници, стручни соработници и од редот на Советот на родители се избрани по пат на јавно гласање.  Така формираниот УО работи  согласно пропишаните надлежности. Годишната програма за работа на училиштето ја содржи посебната програма за работа на УО. Работата е транспарентна за сите структури во училиштето. Соработката со директорот на училиштето е на добро ниво, со остварен партнерски однос. Според членовите на УО, училиштето правовремено обезбедува сеопфатни информации за работењето.<br>Раководен орган на училиштето е директор од прв мандат. Фокусот на работењето на директорот е подобрување на наставата, климата, обезбедување современи нагледни средства, мотивирање на наставниците за професионален развој и усовршување, мотивирање на учениците, афирмирање на училиштето и постигањата на учениците, реновирање на училничкиот простор во подрумските простории, подобрување на соработката со родителите која  е на добро ниво. Работата на директорот е испланирана и во Годишната програма за работа на директорот, а професионалниот развој на директорот е застапен во програмата за професионален развој на наставниот кадар. Работата на директорот е тимска, донесува одговорни одлуки и редовно ја следи работата на наставниците преку секојдневно прибирање и разгледување на дневно-оперативните планирања за реализација на наставен час и посета  на часови.<br>Целите на училиштето се во согласност со целите на државната и локалната образовна политика. Училиштето ги подобрува политиките за меѓуетничка интеграција, со нагласување на вредностите во визијата на училиштето и со реализацијата на програмата за меѓуетничка интеграција во образованието.<br>Вработените активно учествуваат во креирањето и во ажурирањето на стратегиите за остварување на целите. Целите се јасни и ги отсликуваат мисијата, визијата и вредностите на училиштето. Во програмата за развој на училиштето, поставени се три стратешки цели: Подобрување на условите за реализација на наставата, Промовирање на ВЕБ страната и професионално усовршување на наставниот кадар. Покрај стратешките цели, испланирани се развојни и конкретни цели, преку кои активности ќе се реализираат, со испланирани потребни ресурси, временска рамка и индикатори за |

| | |
|---|---|
| | успешност.<br>Училиштето остварува добра соработка со локалната самоуправа за подобрување на инфраструктурата на училиштето.<br>Училиштето ги информира наставниците, учениците и родителите за поставените цели, динамиката за нивното реализирање и постигнатите резултати. |

## 5. Фактори кои влијат на развојот на основното училиште (СВОТ анализа)

***Локални фактори кои влијаат на развојот на училиштето***

Училиштето се наоѓа во центарот на градот, во чија близина се наоѓаат културни, образовни и здравствени институции. Најголемиот број на ученици во училиштето се од градот, а помал број ученици се од селските населби.

Училиштето остварува добра заемна соработка со локалната самоуправа и детската градинка која е во непосредна близина. Училиштето реализира и учествува на бројни манифестации и активности. Превентивните активности околу грижата за здравјето на учениците се реализираат со соработка со Здравствениот дом во Пехчево, чие седиште е во непосредна близина на училиштето.

Дел од проектите се реализираат и во соработка со голем број на нестопански и невладини организации (Едукативниот центар за зачувување на природата во с. Негрево, невладина организација „Амброзија“)

Училиштето соработува со локалната заедница и е вклучено во реализирање на активности од локално ниво, како и активности кои ги организира државата, во реализирање на заеднички проекти и слично. Соработката со голем број установи позитивно влијае на подобрување на воспитно образовниот процес кај учениците.

Локалната заедница учествува во подобрувањето на условите за работа што би придонеле за повисок квалитет во работењето. Секоја година традиционално се организираат ликовни и литературни конкурси, спортски и други натпревари за училиштата, со што се зајакнува соработката и се создава позитивен натпреварувачки дух во општината.

***Национални фактори кои влијаат на развојот на училиштето***

На национално ниво, училиштето соработува со: МОН, БРО, ДПИ, ДИЦ, МТСП, МИО, Државен завод за статистика, ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа, МВР, Народниот правобранител, МКЦ, издавачки куќи, печатени медиуми.

Со новите измени во образовниот систем во РС Македонија, изготвен е стратешки документ ***Сеопфатна стратегија за образованието*** 2018/2025 со која се посочуваат одреден број на предизвици кои ќе влијаат на функционирањето на училиштето во наведниот период:

- Развивање и воведување на национален стандард за основно образование со јасно определени излезни резултати и со посебно внимание на инклузивноста, мултикултурализмот, почитувањето на разликите (во смисла на родот, етничката припадност, верата, јазикот, социјалниот статус, интелектуалните и физичките способности), правата на децата и демократска култура;
- Ревидирање на наставниот план за сите одделенија и наставната програма, во согласност со Националниот стандард и негово постепено воведување;
- Зајакнување на статусот и подобрување на содржината на изборните предмети и вонnаставните активности според слободниот избор на учениците;
- Ревидирање на учебниците така што ќе одразуваат родова еднаквост, мултикултурализам, почитувањето на разликите и демократските вредности;
- Приспособување на зградата на училиштето за ученици со физичка попреченост;
- Подобрување на условите и капацитетите на училиштето за инклузивно образование за децата од маргинализираните групи;
- Воспоставување систем за наменско искористување на средствата од блок дотациите од страна на општините и училиштето за цели на инклузија;

- Воведување механизам за финансиска поддршка на училиштето со цел спроведување на активности за меѓуетничка интеграција;
- Оптимизирање на бројот на ученици при формирање нови паралелки во прво одделение;
- Изготвување на неопходни дидактички ресурси и нивно распределување на наставниот кадар во училиштата;
- Воспоставување унифицирана електронска платформа за предавање, учење и методолошки ресурси со обезбедување на соодветен софтвер во училиштето;
- Воспоставување систем за професионална ориентација преку стручните служби;
- Иницијална обука на наставниците и стручните служби во согласност со професионалните стандарди;
- Зајакнување на системот за поддршка, следење и менторство на наставниците приправници и специјалистите од стручните служби кои се приправници;
- Развивање на нови институционализирани форми за зајакнување на компетенциите на наставниците кои доаѓаат од педагошките факултети, како и за стекнување на компетенции за предавање за оние профили кои завршиле студиски програми кои не биле наставни;
- Примена на системот за напредување во кариерата во занимањето (наставник/стручен соработник, ментор, /стручен соработник - советник);
- Зајакнување на стручните служби во училиштето со сите неопходни профили;

Концепцијата за воннаставни активности во основното образование утврдена од министерот во март 2020 год. укажува дека при планирањето, организирањето и спроведувањето воннаставни активности во училиштата треба да се има предвид дека нивната основна цел е да овозможат стекнување на знаења, вештини и вредности/ставови, зацртани со Националните стандарди за основното образование, особено кога се работи за оние што не се покриени или не се доволно покриени со наставните активности. Притоа, посебен акцент се става врз знаењата, вештините и вредностите/ставовите вклучени во следните подрачја за соодветниот возрасен циклус на учениците: Личен и социјален развој; Демократска култура, мултикултура и граѓанство; Уметничко изразување и култура и Претприемништво и финансиска писменост. При тоа да се водат од следните принципи: да придонесуваат за когнитивниот, социо-емоционалниот и психомоторниот развој на учениците; да се инклузивни и недискриминативни; да се привлечни за повеќето ученици; да обезбедуваат активно учество на учениците; да развиваат интеркултурни компетенции кај учениците; да ја поттикнуваат соработката на училиштето со родителите и со локалната заедница**.**

Во јули 2020 година е предложен Концепт за развивање на образование од далечина во основното и средното образование. Воспоставувањето на национална платформа како основа на системот на образование од далечина, платформата и сите нејзини функционалности ќе се користат во секојдневната работа на училиштата, во комбинирањето на редовната работа со е-содржини, во нудење на различни извори и пристапи на учење, во проверувањето на постигнувањата на учениците, како и следењето и вреднувањето на образовниот процес.

Една од поставените цели во Стратегијата е интензивирање на примената на ИКТ во образованието преку воспоставување на портал за е-учење и систем за управување со учењето, континуирана обука на кадарот за користење на нови технологии и ИКТ алатки во образованието; градење на систем за обновување на копјутерската опрема и обезбедување на услови за ефикасно одржување на компјутерската опрема и компјутерските мрежи. Според тоа еден од приоритетите во Стратегијата е обезбедување широка употреба на ИКТ во образованието и обуката за дигитална писменост.

Во јуни 2020 година донесена е и Концепцијата за државно тестирање за подобрување на квалитетот и ефикасноста на образованието согласно современите светски образовни стандарди. Основна цел на државното тестирање е со користење стандардизирани процедури и инструменти, да даде објективни и веродостојни податоци за остварувањето на стандардите на постигањата на учениците за наставни подрачја и наставни предмети од особена важност во текот на основното образование. Ваквите податоци ќе обезбедат докази за развој и унапредување на образовните политики во РСМ во насока на достигнување на современите светски образовни стандарди. Државното тестирање првично ќе биде насочено кон две важни фази на основното образование, односно кон целни групи кои се во тие фази: учениците што се пред завршување на третото одделение и учениците што се пред завршување на петтото одделение. Откако државното тестирање за овие целни групи ќе биде добро воспоставено и кога ресурсите тоа ќе го дозволуваат, ќе се додаде и третата целна група со која ќе се заокружи системот на државно тестирање - учениците што се пред завршување на деветтото одделение. Рамките за оценување со кои ќе се мерат постигањата на учениците по мајчин јазик и по математика ќе се засноваат на државните наставни програми за соодветните одделенија. Распоредот

предвидува за III одд. предтестирање во 2021 год., а главно тестирање во 2022 год., за V одд. предтестирање во 2023 год., а главно тестирање во 2024 година.
Со Концепцијата за инклузивно образование донесена од министерот во јули 2020 год., се дадени насоките за вклучување, развој и образование на учениците со посебни образовни потреби. Воспитно-образовниот процес потребно е да се заснова на модел на интервенции на повеќе нивоа, кој вклучува повеќе трансформации /интервенции на наставниот план и програми, наставните стратегии, активности и материјали, како и континуирано следење на процесот на спроведување на интервенциите, на најмалку три нивоа на поддршка на учењето: I ниво - општа поддршка, II ниво - интензивирана поддршка, III ниво - посебна поддршка.

**СВОТ анализа**

| **Предности (силни страни) на основното училиште** | **Слабости (слаби страни) на основното училиште** |
|---|---|
| - Училиштето има добра местоположба (во центарот на градот);<br>- Училиштето поседува голем училишен двор, погоден за различни активности на учениците;<br>- Училиштето располага со спортска сала, во која редовно се реализира наставата, а овозможува и стекнување дополнителни приходи за училиштето;<br>- Во училиштето работи добро обучен наставен кадар и стручни соработници;<br>- Кај вработените во училиштето постои професионална подготвеност за подобрување на квалитетот на наставниот процес;<br>- Училиштето се декларира како динамично училиште, отворено за промени и брзо се справува и ги прифаќа промените;<br>- Во училиштето има оптимален број на паралелки;<br>- Учениците во училиштето постигнуваат одлични резултати на општински, регионални и државни натшревари;<br>- Во училиштето се реализираат бројни воннаставни активности;<br>- Училиштето има добра соработка со локалната заедница, локалната самоуправа и околните институции. | - Во училиштето нема сензорна соба за учениците со ПОП;<br>- Во училиштето нема просторија за медијатека;<br>- Во училишниот кабинет по информатика има застарена информатичка опрема;<br>- Нема доволен број на пристапни рампи за ученици со физичка попреченост (нема рампа за приод до училниците кои се на кат);<br>- Наставниците во училиштето не изработуваат посебни курикулуми за работа со надарени и талентирани ученици;<br>- Кај наставниците не постои доволна едукацијза работа со ученици со посебни образовни потреби;<br>- Во училиштето не се направени специјално адаптирани тоалети за ученици со физичка попреченост. |
| **Можности (прилики) што произлегуваат од работата за основното училиште** | **Закани, пречки (опасности) што произлегуваат од опкружувањето за основното училиште** |
| - Подобрување на условите за работа во училиштето, преку подобрена соработка на | - Испишување на ученици, заради промена на |

| | |
|---|---|
| училиштето со локалната заедница, локалната самоуправа, со родителите, со невладините организации, Министерство за животна средина и просторно планирање;<br><br>- Подобрување на условите за работа со користење на дополнителните приходи кои училиштето ги стекнува;<br><br>- Зголемување на приходите на училиштето преку издавање на салата и училишните простории;<br><br>- Опремување на училиштето со ИТ опрема;<br><br>- Успешно спроведување на образовните реформи;<br><br>- Зголемено задоволство на учениците од престојот во училиштето;<br><br>- Подобрена комуникација и соработка со родителите во насока на подобри воспитно-образовни резултати;<br><br>- Постигнување на уште подобри образовни резултати и награди на натпревари;<br><br>- Зголемен број на ученици-учесници на натпревари;<br><br>- Континуирано подобрување на компетенциите на наставниот кадар и стручните соработници;<br><br>- Подобрување на компетенциите на останатиот кадар;<br><br>- Подобрување на работата со надарените и талентираните ученици;<br><br>- Подобрување на условите за учениците со ПОП, во однос на: наставата, пристапните рампи, тоалетите, нагледните средства и помагала. | местото на живеење и иселување во странство;<br><br>- Намалување или губење на поддршката и соработка меѓу училиштето и родителите;<br><br>- Намалување или губење на поддршката и соработака меѓу училиштето и локалната заедница;<br><br>- Намалување на поддршката и соработака меѓу училиштето и локалната самоуправа;<br><br>- Намалување/губење на дополнителните средства кои училиштето ги стекнува преку издавање на спортската сала и дел од училишните простории;<br><br>- Уништување на училишниот имот од страна на локалните деликвенти. |

## 6. Мисија и визија на основното училиште

***Мисија***: Создаваме здрава училишна клима за учење на учениците од сите етнички заедници

***Визија:*** Сакаме нашето училиште да биде средина во која учениците од различни етнички заедници ќе доаѓаат со задоволство затоа што наставата во него ќе биде современа, ефикасна, квалитетна, мултиетнички интегрирана и прилагодена на потребите и интересите на учениците, опкружувањето, наставниците и државата.

Ова е сликата на училиштето кон која целиме во иднина. Во тоа веруваме сите и сите заеднички се водиме од едно и единствено мото:

*„Сите во акција за ново, современо, динамично и ефективно училиште!“*

## 7. Стратешки цели и приоритетни подрачја за развој на основното училиште во четиригодишниот период

| СТРАТЕШКА ЦЕЛ | РАЗВОЈНИ ЦЕЛИ |
|---|---|
| **1. Подобрување и унапредување на квалитетот на организирање и реализирарање на наставата** | 1.1. Анализирање на реализацијата на онлајн наставата и изнаоѓање начини за подобрување |
| **2. Унапредување на професионалниот развој на наставниците и стручните соработници** | 2.1. Подобрување на стручните и социо-емоционалните компетенции на наставниците и стручните соработници |
| **Приоритетно подрачје** | |

| **Приоритетно подрачје** | **Организација и реализација на наставата и учењето** | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| <u>**Стратешка цел 1**</u> *Подобрување и унапредување на квалитетот на организирање и реализирарање на наставата*<br><br><u>**Развојна цел 1.1.**</u> *Подобрување на квалитетот на наставата преку набавка на нагледни средства и помагала* | | | | | |
| <u>**Конкретна цел 1.1.1.**</u> ***Согледување на состојбата во кабинетите и училниците со нагледни средства и техничка опрема*** | | | | | |
| **Активности** | **Индикатори за успех** | **Носители на активностите** | **Временска рамка за имплементација** | **Потребни ресурси** | **Тим за следење на реализацијата на активностите** |
| Избор на комисија за увид на состојбата во кабинетите, училниците, училиштето | Утврдена состојба во кабинетите и училниците со нагледни средства и техничка опрема | Комисија<br>Директор<br>Наставници<br>Стручна служба | Од учебна 2022/23 година<br>до учебна 2025/26 година | Компјутер<br>Хартија<br>Извештаи | Директор<br>Наставници<br>Стручна служба |
| <u>**Конкретна цел 1.1.2**</u>. ***Изработување на листа на приоритети за набавка на нагледни средства и*** | | | | | |

| *техничка опрема* | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **Активности**<br><br>-Изработка на приоритетна листа и план за набавка на наставни средства и техничка опрема<br>-Изработка на план и програма за реализација на потребни обуки за наставниците врз основа на анкета | **Индикатори за успех**<br><br>Приоритетна листа според Нормативот за опрема и нагледни средства | **Носители на активностите**<br><br>Комисија<br>Директор<br>Наставници<br>Стручна служба | **Временска рамка за имплементација**<br><br>Од учебна 2022/23 година<br>до учебна 2025/26 година | **Потребни ресурси**<br><br>Компјутер<br>Хартија<br>Извештаи | **Тим за следење на реализацијата на активностите**<br><br>Директор<br>Стручна служба<br>Одговорни наставници на активи на предметна и одделенска настава |
| **<u>Конкретна цел 1.1.3.</u>** ***Прибирање и разгледување на понуди за набавка на нагледни средства и технички помагала*** | | | | | |
| **Активности**<br><br>Формирање комисија за прибирање и разгледување на понуди за набавка на нагледни средтсва и технички помагала | **Индикатори за успех**<br><br>Избрана најповолна понуда од фирми кои произведуваат, доставуваат и монтираат нагледни средства и технички помагала | **Носители на активностите**<br><br>Комисија<br>Директор<br>Наставници<br>Стручна служба<br>Домаќин | **Временска рамка за имплементација**<br><br>Од учебна 2022/23 година<br>до учебна 2025/26 година | **Потребни ресурси**<br><br>Понуди од фирми за конкретна дејност<br><br>Компјутер<br>Хартија | **Тим за следење на реализацијата на активностите**<br><br>Директор<br>Наставници<br>Стручна служба |
| **<u>Конкретна цел 1.1.4.</u>** ***Набавување на нагледни средства и технички помагала*** | | | | | |
| **Активности**<br><br>Доставување на нагледните средства и монтирање на техничките помагала | **Индикатори за успех**<br><br>Доставени нагледни средства и помагала за наставата<br><br>Платени | **Носители на активностите**<br><br>Комисија<br>Директор<br>Наставници<br>Стручна служба<br>Домаќин<br>Сметководител<br>Хаусмајстор | **Временска рамка за имплементација**<br><br>Од учебна 2022/23 година<br>до учебна 2025/26 година | **Потребни ресурси**<br><br>Финансиски средства<br>Компјутер<br>Хартија<br><br>Прибор и алат за | **Тим за следење на реализа-цијата на актив-ностите**<br><br>Директор<br>Наставници<br>Стручна |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Распределување на средствата и помагалата | фактури | | | монтирање | служба |

| **Приоритетно подрачје** | **Ресурси/Професионален развој** | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **<u>Стратешка цел 2</u>** *Унапредување на професионалниот развој на наставниците и стручните соработници*<br><br>**<u>Развојна цел 2.1.</u>** *Подобрување на стручните и социо-емоционалните компетенции на наставниците и стручните соработници* | | | | | |
| **<u>Конкретна цел 2.1.1.</u>** ***Определување на потребите за обуки на наставниците, за осовременување на настава и стручните соработници*** | | | | | |
| **Активности**<br><br>Изработка на план и програма за реализација на потребни обуки за наставниците и стручните соработници врз основа на спроведена анкета | **Индикатори за успех**<br><br>Приоритетна листа за обуки, зависно од интересите на наставниците и потребите на наставата и стручните соработници | **Носители на активностите**<br><br>Тим за професионален развој<br>Директор<br>Стручна служба | **Временска рамка за имплементација**<br><br>Од учебна 2022/23 година<br>до учебна 2025/26 година | **Потребни ресурси**<br><br>Компјутер<br>Фотокопир<br>Хартија | **Тим за следење на реализацијата на активностите**<br><br>Тим за професионален развој |
| **<u>Конкретна цел 2.1.2.</u>** ***Избирање на провајдери за обука на наставниците*** **и стручните соработници** | | | | | |
| **Активности**<br><br>Разгледување на понуди од различни провајдери за обуки и семинари за наставници и стручни соработници | **Индикатори за успех**<br><br>Избрани провајдери за обуки и семинари за наставници и стручни соработници | **Носители на активностите**<br><br>Тим за професионален развој<br><br>Директор<br>Стручна служба | **Временска рамка за имплементација**<br><br>Од учебна 2022/23 година<br>до учебна 2025/26 година | **Потребни ресурси**<br><br>Компјутер<br>Фотокопир<br>Хартија | **Тим за следење на реализацијата на активностите**<br><br>Тим за професионален развој |
| **<u>Конкретна цел 2.1.3.</u>** ***Реализирање на обуките за наставниците*** **и стручните соработници** | | | | | |
| **Активности**<br><br>Реализација на | **Индикатори за успех** | **Носители на активностите** | **Временска рамка за имплементација** | **Потребни ресурси** | **Тим за следење на реализациј** |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| планираните обуки и семинари | Реализирани обуки и семинари<br><br>Платени фактури за обуки | Тим за професионален развој<br>Директор<br>Стручна служба<br>Обучувачи | и стручните соработници | Компјутер<br>фотокопир<br>Хартија<br>ЛЦД проектор<br>Маркери<br>Просторија за обука<br>Финансиски средства | **ата на активности те**<br><br>Тим за професиона лен развој<br>Директор<br>Стручна служба |

## 8. Соработка на основното училиште со родителите/старателите

Семејствата и родителите на нашите ученици редовно се информирани и вклучени во сите активности кои ги планира и реализира училиштето. Родителите редовно се информираат за работењето на училиштето преку индивидуалните и групни родителски средби, седниците на Совет на родители и брошурите за родители. Родителите се вклучуваат во организација на спортски манифестации и ликовни изложби, организација и реализација на приредби, излети и научни посети, поставување на декор, украсување на училиштето, реализација на предавања за унапредување на здравјето (лекар и стоматолог) и реализација на настава (експерти од одредени професии).

Соработката со семејствата на учениците е од особена важност за подобрување на успехот, дисциплината, поведението и изостаноците на ученикот. Соработката со одделенскиот раководител, наставниците и стручната служба со цел континуирано и редовно информирање на родителот на ученикот придонесува за надминување на пројавените проблеми.

Преку соработката на одделенскиот раководител со стручната служба, родителите навремено се информираат за индивидуалниот напредок на нивното дете, социјализација, адаптација и детектирани проблеми на ученикот. Родителите и семејството имаат увид во начинот и условите за работа во училиштето, реализација на наставата, напредокот на учениците и проектите кои се реализираат во училиштето.

Информирањето и соработката меѓу училиштето и родителите се остварува преку: родителски средби, телефонски и писмени контакти, состаноци на Советот на родители, советување на родители и ученици, посета на отворени часови, работилници со родители на критични групи ученици, вклучување во проекти и работилници кои се реализираат во училиштето.

Работата на Советот на родители придонесува за осовременување на условите за работа и унапредување на реализација на наставата и вонннаставните активности во училиштето.

Во Советот на родители е вклучен родител како претставник од секое одделение. Советот на родители се ангажира за подобрување на успехот и поведението на учениците, односот на ученикот со наставникот и соучениците, намалување на изостаноците, осовременување на наставата и нејзино прилагодување на потребите на учениците

Родителот секојдневно се информира за постигнувањата и развојот на неговото дете (разговор, e-mail, смс порака итн.), а од него се добиваат информации неопходни за планирањето, реализацијата и следењето на воспитно - образовната работа, постојано информирање за состојбите во процесот на учење, поддршка во работата на ученици со потешкотии во развојот и поддршка и за напредување на талентираните ученици (надарени ученици). Родителите самите даваат придонес во прибирање на дидактички материјали, помагала и други наставни средства со што се олеснува самиот процес на учење. Родителите усно и писмено се известуваат за успехот, дисциплината, поведението и изостаноците на ученикот и во соработка со нив се работи на помош на ученикот за надминување на пројавените проблеми. Преку соработката на одделенскиот раководител со психологот, родителите навремено се информираат за индивидуалниот напредок на нивното дете, социјализација, адаптација и детектирани проблеми на ученикот. Родителите и семејството имаат увид во начинот и условите за работа во училиштето, реализација на наставата, напредокот на учениците и проектите кои се реализираат во училиштето.

Соработката со родителите се остварува преку: општи родителски средби, индивидуални средби со родителите, телефонски и писмени контакти, посета на семејството на ученикот (одделенски раководител, психолог, педаагог, директор), состаноци на Советот на родители, советување на родители и ученици,

работилници со родители на критични групи ученици, информирање, вклучување во проекти и работилници кои се реализираат во училиште.

## 9. Соработка на основното училиште со општината, институциите од областа на образованието, НВО итн.

Во текот на наредните четири години училиштето продолжува да соработува со МОН, БРО, ДПИ, Сектор за основно образование како дел од општината, актив на директори на ниво на Општина, детски градинки, други основни и средни училишта, факултети и др. Соработката ќе се реализира преку сите видови контакти, комуникација (пишана, електронска, усна), преку посети на училиштето, организирање обуки и семинари, работилници, хепенинзи, квизови на знаења, приредби, спортски натпревари. Нашето училиште соработува и со голем број спортски друштва. Активностите ќе се реализраат преку учество на нашите ученици на локални, градски и државни натпревари во разни спортови. На овој начин ќе се поттикнува и спортскиот и натпреварувачкиот дух кај учениците.

Бидејќи грижата за здравјето на учениците е една од најзначајните задачи во воспитно-образовниот процес, нашето училиште на овој план соработува со голем број здравствени институции, меѓу кои се: здравствена установа во локалната средина, Центар за социјални грижи, осигурителни компаниии кои се на доброволна база. Преку соработката со овие институции, училиштето перманентно, превентивно и континуирано ќе го заштитува здравјето на учениците.

Училиштето продолжува со соработката и со бројни невладини организации. Соработката е заснована на заедничките заложби за унапредување на воспитно–образовниот процес.

## 10. Следење на имплементацијата на Развојната програма за работа на основното училиште

• Со одлука на Наставничкиот совет ќе бидат формирани петчлени комисии за следење на реализацијата на активностите предвидени со Развојната програма.

• За реализацијата на секоја конретна цел дефинирана во Развојната програма ќе биде одговорна една од формираните комисии. Секоја комисија ќе изготви план за следење на реализацијата на активностите со определени начини и инструменти за следење и временска динамика. (Можни начини и инструменти за следење: непосредна опсервација на изведбата на активностите; увид во записниците, документацијата и извештаите на тимовите носители на активностите; евиденција преку чек-листи, спроведување на анкета во устен или пишан облик и сл.).

• Секоја комисија ќе соработува и ќе ја координира својата работа со тимовите – носители на соодветните активности планирани во Развојната програма.

• Секоја комисија ќе изготвува годишни извештаи за својата работа секоја учебна година.

• Извештаите од комисиите за следење на реализацијата на активностите планирани во Развојната програма ќе бидат разгледувани на седниците на Наставнички совет, со истата временска динамика.

| Приоритетни подрачја за следење | Начин и време на следење | Одговорно/ни лице/а | Кој треба да биде информиран за следењето |
|---|---|---|---|
| **Организација и реализација на наставата и учењето**<br><br>Подобрување и унапредување на квалитетот на организирање и реализирарање на наставата | Увид во состојбата; Изработена приоритетна листа и план за набавка на наствни средства и техничка опрема; Изработена приоритетна листа и план за набавка на наставни средства и техничка опрема | Тим за следење на имплементацијата на Развојната програма | Директор Стручни органи во училиштето Совет на родители Училишен одбор |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | и програма за реализација на потребни обуки за наставниците;<br>Набавена и монтирана техничка опрема и нагледни средства по училниците;<br>Финансиски извештаи. | | |
| **Ресурси/Професионален развој**<br><br>Унапредување на професионалниот развој на наставниците и стручните соработници | Анкетни листови за увид на потребите;<br>Изработен план и програма за реализација на потребни обуки за наставниците и стручните соработници;<br>Избор на понуди од провајдери за обуки и семинари за наставници и стручни соработници;<br>Сертификати/потврди од реализирани обуки. | Тим за следење на имплементацијата на Развојната програма | Директор Стручни органи во училиштето Совет на родители Училишен одбор |

## 11. Евалуација на Развојната програма за работа на основното училиште

Евалуацијата ќе се врши во текот на целиот развоен период во сите сегменти на планирањето како и неговата реализација. Тоа ќе се врши преку годишни извештаи за работата на тимовите. На секои две години училиштето изготвува самоевалуација преку која исто така ќе се врши евалуација на развојната програма за работата на училиштето, со примена на различни инструменти: интервјуа со наставници, ученици, родители и други субјекти; анкети со наставници, ученици и родители; набљудување на условите за работа, активностите на учениците, мотивацијата на наставниците и учениците при реализација на предвидените содржини. Евалуацијата ќе биде наменета за потребите на училишниот колектив, учениците, Училишниот одбор, Советот на родители, локалната заедница, МОН, БРО и други институции. Добиените податоци од евалуацијата ќе ни покажат до каде сме, што сме оствариле и кои активности како приоритети во идната развојна програма на училиштето да ги планираме. Евалуацијата ќе ја врши формирана комисија за евалуација на развојната програма на училиштето во соработка со наставниците, учениците, Советот на родители, Училишниот одбор и локалната заедница.

## 12. Заклучок

Периодот и условите во кои го изработувавме овој документ - Развојна програма за работа на училиштето во наредните четири години, беше значително поразличен од досегашниот начин на организирање на наставата и работата на училиштата досега.

Бевме, а и сеуште сме исправени пред новите предизвици и непознаниници во однос на безбедносните опасности и закани по здравјето на учнците и вработените, сеуште недодефинараниот систем на промени на начините на организација и реализација на наставата во законски рамки во овие променети услови, промени и приспособувања на Наставните планови и програми, неможноста да се направи за толку години планирање поради неможност за реални предвидувања. Се обидовме планирањето на активности да го направиме врз основа на досегашните насоки, но можеби и тоа ќе има потреба од дополнителни промени и прилагодувања за

кои најверојатно ќе се наметне потреба од дополнувања со анекси или пак промени во самата програма. И покрај големите неизвесности и непознаници се надеваме, и ќе се обидеме да ги реализираме планираните активности.

## 13. Комисија за изработка на Развојната програма за работа на основното училиште

1. Добрила Јовевска-Претседател на комисија
2. Емилија Марковска-одделенски наставник
3. Павлинка Цикарска-одделенски наставник
4. Елизабета Вучковски-одделенски наставник
5. Виолета Ѓорѓиевска-предметен наставник
6. Магдаленка Симовска-предметен наставник
7. Александра Ковачовска-Постоловска-предметен наставник
8. Ивана Крчева-стручен соработник
9. Андријана Мачевска-стручен соработник
10. Елица Јовевска-родител
11. Александра-родител

## 14. Користена литература


Правилник за формата и содржината на развојната и годишната програма

СТРАТЕГИЈА ЗА ОБРАЗОВАНИЕТО ЗА 2018-2025 ГОДИНА

КОНЦЕПТ ЗА ОРГАНИЗИРАЊЕ НА НАСТАВА ОД ДАЛЕЧИНА

КОНЦЕПЦИЈА ЗА ВОННАСТАВНИ АКТИВНОСТИ ВО ОСНОВНО ОБРАЗОВАНИЕ

КОНЦЕПЦИЈА ЗА ДРЖАВНО ТЕСТИРАЊЕ

КОНЦЕПЦИЈА ЗА ИНКЛУЗИВНО ОБРАЗОВАНИЕ

САМОЕВАЛУАЦИЈА НА УЧИЛИШТЕТО 2017/2019 ГОДИНА

КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ ОД ИНТЕГРАЛНА ИНСПЕКЦИЈА

ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ 2019/2020 ГОДИНА

ГОДИШНА ПРОГРАМА ЗА РАБОТА НА УЧИЛИШТЕТО 2020/2021 ГОДИНА


**15.** На последната страница има место за печат, за датум и потпис на директорот на основното училиште и за потпис на претседателот на Училиштниот одбор.

**ООУ „Ванчо Китанов“ – Пехчево**
**Директор**
**Добрила Јовевска**

**Претседател на**
**Училишен одбор**
**Викторија Гошевска**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на Р.М. бр.5/2002), и член 81 од Статутот на општина Пехчево (Сл.Гласник на општина Пехчево бр.03/2021), Градоначалникот на општина Пехчево донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Одлука за усвојување на Завршната сметка на**
**ООУ „Ванчо Китанов„ - Пехчево за 2022 година**

СЕ ОБЈАВУВА Одлука за усвојување на Завршната сметка на ООУ „Ванчо Китанов„ - Пехчево за 2022 година, што советот на општина Пехчево ја донесе на 15-та седница одржана на ден 28.03.2023 година.

Бр. 09-456/8
28.03.2023 год.
Пехчево

Градоначалник на
Општина Пехчево
Александар Китански с.р

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 9 од Законот за локална самоуправа (Сл. Весник на РМ бр.05/2002) и член 30 точка 29 од Статутот на општина Пехчево (Сл. гласник на општина Пехчево бр. 03/2021), советот на општина Пехчево на седницата одржана на 28.03.2023 година донесе:

**О Д Л У К А**
**за усвојување на Завршната сметка на**
**ООУ „Ванчо Китанов„ - Пехчево за 2022 година**

**Член 1**

Со оваа одлука советот на општина Пехчево ја усвојува завршната сметка на ООУ „Ванчо Китанов„ - Пехчево за 2022 година.

**Член 2**

Завршната сметка на ООУ „Ванчо Китанов„ - Пехчево за 2022 година, е составен дел на оваа одлука.

**Член 3**

Одлуката влегува во сила осмиот ден од денот на објавување во Службен гласник на општина Пехчево.

Бр.08-447/1
28.03.2023 година
Пехчево

Совет на општина Пехчево
Претседател
Виолета Ѓорѓиевска с.р

ЕМБС: 04041305
Целосно име: Општинско основно училиште ВАНЧО КИТАНОВ Пехчево
Вид на работа: 510
Тип на годишна сметка: Средства на буџетските корисници остварени од самофинансирачки активности - 787
Тип на документ: Годишна сметка
Година : 2022

## Биланс на приходи и трошоци

| Ознака за АОП | Опис | Претходна година | Бруто за тековна година | Исправка на вредноста за тековна година | Нето за тековна година |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | - - I. ТЕКОВНИ РАСХОДИ (002+007+012+020+024+029+033+039) | 100.839,00 | | | 74.431,00 |
| 12 | - - в) СТОКИ И УСЛУГИ (ЗБИР ОД 013 ДО 019) | 100.839,00 | | | 74.431,00 |
| 14 | - - Комунални услуги, греење, комуникација и транспорт | 1.820,00 | | | |
| 15 | - - Ситен инвентар, алат и други материјали за поправка | 74.519,00 | | | |
| 16 | - - Поправка и тековно одржување | | | | 65.003,00 |
| 18 | - - Други тековни расходи | 24.500,00 | | | 9.428,00 |
| 59 | - - А) ВКУПНО РАСХОДИ (001+044+055) | 100.839,00 | | | 74.431,00 |
Популацијата од најмала возраст, па се до 18 години најчесто се соочува со деформитети на стапалото, колкот и рбетот. Годишно се прават околу 7.000 прегледи на деца, некаде од 500 до 800 неделно што е една прилично голема бројка која што укажува на превенцијата на детската возраст во периодот на нивниот развој. Од сите овие деформитети за околу 10% од нив најчесто се вршат оперативни зафати на Клиниката за ортопедија во клиничкиот центар за да тие деформитети се корегираат. Годишно во Клиниката за ортопедски болести, како што информира, се прават околу 160 операции кај мали деца.

**Целни групи:** Децата од детската градинка ОЈУДГ „7 Септември" – Пехчево и децата од ООУ „Ванчо Китанов" – Пехчево ( учениците од прво одделение).

**Очекуванин резултати:** Навремено откривање и превинирање на деформитетите кај децата.

**Реализатор:** ЈЗУ Здравствен дом „Иван Георгиев" – Пехчево и Општина Пехчево.

**Период на реализација:** На почетокот на учебната година.

**Буџет:** 60.000,00 денари

**6.4 Лабораторски анализи**

Кои, зошто и што значат резултатите?

Причини за барање на одредена лабораториска анализа:

1. Дијагноза;

2. Мониторирање (на пример следење на одредена терапија);

3. Скрининг;

4. Научно-истражување (за да ги разбереме патофизиолошките процеси на одредено заболување);

**Целна група:** Децата од ОЈУДГ „7 Септември“ – Пехчево, ООУ „Ванчо Китанов“ - Пехчево и дисперзираните паралелки на средното училиште „Ацо Русковски“ од Берово во Пехчево.

**Очекувани резултати:** Навремено откривање односно дијагностицирање, мониторирање и превенирање на болеста доколку ја има.

**Реализација:** ЈЗУ Здравствен дом „Иван Георгиев“ – Пехчево.

**Период на реализација:** На почетокот на учебната година.

**Буџет:** 0,00 денари

7. **Едукативни активности за прва помош на вработените во ОЈУДГ „7 Септември“ – Пехчево, ООУ „Ванчо Китанов“ – Пехчевои дисперзираните паралелки на средното училиште „Ацо Русковски“ од Берово во Пехчево**

Предвидено е оваа активност да се реализира во соработка со Црвен крст на Општина Берово се со цел, наставниците, воспитувачките, негувателките, и другиот стручен кадар во детската градинка ,основното и дисперзираните паралелки на средното училиште да се здобие со знаења и вештини за соодветно и навремено постапување во ургентни ситуации, односно давање прва помош, пред сè, на децата. Обуката ќе даде осврт на предавањата и на практичните вежби на релевантни теми, на пример, реанимација, згрижување при задушување, повреди на главата, грчеви, алергиски реакции и труења.

Со овој проект ќе се зајакне капацитетот на градинката, основното и дисперзираните паралелки на средното училиште, како една од првите алки во синџирот на ургентна медицина - да постапуваат адекватно во ургентни ситуации. Главна цел на активноста е учесникот да стекне знаења, вештини и компетенции за примена на основните техники при давање прва помош за да се зачува животот на повреденото лице преку отстранување на причината што може да доведе до смрт (престанок на дишењето, престанок на работата на срцето, крвавење, состојба на изгубена свест, состојба на шок, повреди на тврди и меки ткива, труење), да се спречат можни компликации, да се намалат болката и стравот и да се подобри општата состојба на повредениот, се додека истиот не биде прифатен до моментот на стручен медицински тим .

**Целни групи:** Вработените во детската градинка, основното и дисперзираните паралелки на средното училиште во Пехчево.

**Очекувани резултати:** Стекнати искуства, знаења и вештини за давање прва помош и постапување во ургентни ситуации, овозможена поголема безбедност на децата во детските градинки**,** интервенирање навреме и спасување живот.

**Реализатор:** Одделение за општи, правни работи и јавни дејности, Одделение за урбанизам, комунални дејности, заштита на животната средина и ЛЕР, Црвен крст на Општина Берово.

**Период на реализација:** Континуирано.

**Буџет:** 0,00 денари

**8. Едукација за здравствена заштита**

Предвидено е оваа активност да се реализира во соработка со Црвен крст на Општина Берово, со цел децата да се здобијат со знаења во врска со здравствената заштита. Главна цел на овој проект е децата уште од најрана возраст да стекнат навики за важноста на личната хигиена, како да се заштитат за време на пандемија и

друго. Целта е запознавање со здравствената заштита уште од најрана возраст, како и подигнување на свеста на семејствата и заедницата за важноста на здравствената заштита.

**Целни групи:** децата од детската градинки во Општина Пехчево.

**Очекувани резултати:** Со оваа активност децата ќе научат што е значи хигиена, поголема информираност на децата за здравствената заштита.

**Реализатор:** Одделение за општи правни работи и јавни дејнсоти, Одделение за урбанизам, комунални дејности, заштита на животнта средина и ЛЕР**,** Црвен крст на Општина Берово.

**Период на реализација:** Во континуитет.

**Буџет:** 0,00 денари

**9 „Булинг не е другарство“**

Булингот како негативно искуство треба и мора да се препознае во вистинско време, со цел да се преземат мерки и активности со кои би се заштителе децата од натамошни непријатни искуства и доживувања што го попречуваат развојот на детето во стабилна и успешна личност.

Проектот „Булингот не е другарство“ се состои од неколку фази:

**Прва фаза:** Изработка на платформа за препознавање на булингот и поставување на протокол и мерки за спречување на оваа појава, изработка на прирачници наменети за учениците во основните училишта: „Како да го препознаам булингот“, „Како против булингот“.

**Втора фаза:** Претставување на прирачникот од психолози и педагози (преку часови што би се одржувале на платформата за далечинско учење);

**Трета фаза:** Преку ликовни или литературни творби на тема „Стоп Булинг“ децата да ги искажуваат своите ставови и мислења за спречување на булингот (фаза во која ќе учествуваат педагози и психолози);

**Четврта фаза:** Изработка на флаери и постери;

**Целни групи:** Децата од 4-5 и од 5-6 години во ОЈУДГ „7 Септември“ – Пехчево и учениците од ООУ „Ванчо Китанов“ – Пехчево.

**Очекувани резултати:** Намалување на врсничкото насилство (физичко или психичко);

**Реализатор :** Одделение за општи, правни работи и јавни дејности при Општина Пехчево, психологот, педагогот од ООУ „Ванчо Китанов“ – Пехчево и ОЈУДГ „7 Септември“ - Пехчево, социјален работник од ЈУ Меѓуопштински центар за социјални работи

**Период на реализација:** Октомври-Јуни 2023 година

**Буџет:** 0,00 денари

**10.Закана од социјалните мрежи**

Целокупната ситуација во која се наоѓаме поради пандемијата и ограничувањата при социјалната интеракција на младите, мора да ја согледаме опасноста што постои од прекумерна употреба на социјалните

мрежи.. Преку зголемување на свесноста кај децата мора да работиме на заштитата од злоупотреба на личните податоци, личните фотографии и видеа.

Овој проект ќе биде раководен од педагогот и психологот во ООУ „Ванчо Китанов“ – Пехчево, а ќе се организираат и предавања од експерти за оваа област.

Првиот дел од проектот ќе биде насочен кон тоа како секој ученик да се заштити себеси, што смее и што не смее да се објавува на социјалните мрежи, препознавање на злоупотребата, а вториот дел од проектот ќе се насочи кон тоа како да се постапи при злоупотреба и кои мерки треба да се преземат.

**Целни групи:** Учениците од ООУ „Ванчо Китанов“ - Пехчево

**Очекувани резултати:** Подигната свесноста кај децата за опасноста од социјалните мрежи и начини за нивна заштита.

**Реализатор:** Одделение за општи правни работи и јавни дејности, педагогот и психологот од ООУ „Ванчо Китанов“ – Пехчево и социјален работник од ЈУ Меѓуопштински центар за социјални работи.

**Буџет:** 0,00 денари

## 6.ОЧЕКУВАНИ РЕЗУЛТАТИ И ПОКАЗАТЕЛИ НА ГОДИШНАТА ПРОГРАМА

1. Инклузија на сите деца во предучилишниот образовен процес;
2. Унапреден систем за социјална и здравствена заштита на локално ниво;
3. Инклузија на граѓаните од ранливите категории;
4. Услуги достапни за граѓаните од ранливите категории на локално ниво;
5. Еднакви можности за сите социјални категории;
6. Безбедна средина за учење и дружење;

## 7. ФИНАНСИРАЊЕ

Финансирањето на активностите утврдени со Програмата во износ од 530.000,00 денари е предвидено со Буџетот на Општина Пехчево за 2023 година и финансиски средства обезбедени и од спонзорства и од донации.

За активностите од областа што ги опфаќа Програмата, а кои во својата актуелност, квалитет и општествен интерес ќе се појават во текот на 2023 година ќе бидат предвидени дополнителни финансиски средства во Буџетот на Општина Пехчево.

| **Реден број** | **Марки/Активности** | **Очекувани резултати** | **Надлежни институции** | **Временска рамка** | **Буџет** | **Извори на финансирање** |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1. | Доделување на парична помош за новороденче и прворoдено дете во календарската година – седства предвидени во буџетот на | Исплатена парична помош за младите семејства што имаат нов член или членови во семејството; | Општина Пехчево | 2023 | 160.000,00 ден. | Општина Пехчево |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | Општина Пехчево за 2023 година | Евиденција на новородени деца во Општина Пехчево на годишно ниво;<br><br>Детските градинки што се на територија на Општина Пехчево ќе може да го планираат опфатот на деца за секоја календарска година; | | | | |
| 2. | Помош и нега на стари и изнемоштени лица | Подобри услови за квалитетен живот и достоинствено стареење; | Општина Пехчево<br><br>Црвен крст<br><br>Министерство за труд и социјална политика<br><br>Агенција за вработување | 2023 | 100.000,00 денари | Општина Пехчево<br><br>Министерство за труд и социјална политика |
| 3. | Право на финансиска помош и поддршка на жители на Општина Пехчево | Подобри услови за квалитетен живот за жителите на Општина Пехчево | Општина Пехчево<br><br>Совет на Општина Пехчево<br><br>Комисија за заштита на пациентите | 2023 | 150.000,00 денари | Општина Пехчево |
| 4. | Инклузија на деца Роми во Јавните образовни установи – детски градинки во Општина Пехчево | Максимум 20 деца Роми интегрирани во предучилишното образование; | Општина Пехчево<br><br>ОЈУДГ „7 Септември“ – Пехчево<br><br>Министерство за труд и социјална политика | 2023 | 60.000,00 денари | Општина Пехчево<br><br>ОЈУДГ „7 Септември“ – Пехчево<br><br>Министерство за труд и социјална политика |
| 5. | Одбележување на светскиот ден на здравата храна – 16 Октомври | Децата од предучилишна возраст учат и се информираат што треба да се јаде, што е здрава храна, кои се правилните и здравите навки во | Општина Пехчево<br><br>ОЈУДГ „7 Септември“ – Пехчево | Октомври 2023 | 0,00 денари | Општина Пехчево<br><br>ОЈУДГ „7 Септември“ – Пехчево |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | исхраната и како таа влијае врз здравјето на луѓето; особено да се уочи придобивката од консумирањето здрава храна во период на вонредни здравствени услови на глобално ниво. | | | | |
| 6. | Обезбедување на здравствена заштита на децата во предшколска и школска возраст | Навремено откривање на било кој здравствен, психолошки и ментален проблем кај децата и навреме одпочнување со третман и лекување. | ЈЗУ „Здравствен дом Иван Георгиев“ - Пехчево,<br><br>ЈУ Меѓуопштински центар за социјални работи<br><br>Општина Пехчево. | Во континитет 2023 | / | Општина Пехчево<br><br>ЈЗУ „Здравствен дом Иван Георгиев“ - Пехчево |
| 6.1 | Офталмолошки преглед за деца во детска градинка и за децата од прво, второ и третто одделение | Децата во ОЈУДГ „7 Сепември“ – Пехчево ќе бидат прегледани во текот на престојот во градинката барем еднаш годишно. И пред да тргнат во училиште со што ќе добијат потврди за запишување во училиште, а овие прегледи ќе претставуваат и олеснување за родителите од финансиски аспект | Општина Пехчево<br><br>ЈЗУ „Здравствен дом Иван Георгиев“ - Пехчево | Почетокот на учебната година и второто полугодие од учебната година (двапати годишно). | 0,00 денари | Општина Пехчево<br><br>ЈЗУ „Здравствен дом Иван Георгиев“ - Пехчево |
| 6.2 | Дејствувај за подобри орално здравје | Децата ќе научат што значи хигиена на оралното здравје, како правилно се четкаат забите, колку здравата храна | Општина Пехчево<br><br>ЈЗУ „Здравствен дом Иван Георгиев“ - | Во континуитет 2023 | 0,00 денари | Општина Пехчево<br><br>ЈЗУ „Здравствен дом Иван Георгиев“ - |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | придонесува за здрави заби и др. Тоа придонесува за зголемена информираност на децата и стекнување знаења за здравите и правилните навики. | Пехчево | | | Пехчево |
| 6.3 | Редовни ортопедски прегледи за навремено откривање деформитети | Навремено откривање и превинирање на деформитетите кај децата. | Општина Пехчево<br><br>ЈЗУ „Здравствен дом Иван Георгиев“ - Пехчево | На почетокот на учебната година 2023 | 60.000,00 денари | Општина Пехчево<br><br>ЈЗУ „Здравствен дом Иван Георгиев“ - Пехчево |
| 6.4 | Лабаратоиски анализи | Навремено откривање односно дијагностицирање, мониторирање и превенирање на болеста доколку ја има. | ЈЗУ „Здравствен дом Иван Георгиев“ - Пехчево | На почетокот на учебната година 2023 | 0,00 денари | ЈЗУ „Здравствен дом Иван Георгиев“ - Пехчево |
| 7. | Едукативни активности за прва помош на вработените во ОЈУДГ „7 Септември“ – Пехчево, ООУ „Ванчо Китанов“ – Пехчевои дисперзираните паралелки на средното училиште „Ацо Русковски“ од Берово во Пехчево | Стекнати искуства, знаења и вештини за давање прва помош и постапување во ургентни ситуации, овозможена поголема безбедност на децата во детските градинки**,** интервенирање навреме и спасување живот. | Општина Пехчево<br><br>Црвен крст на Општина Берово | Континуирано во 2023 | 0,00 денари | Општина Пехчево<br><br>Црвен крст на Општина Берово |
| 8. | Едукација за здравствена заштита | Со оваа активност децата ќе научат што е значи хигиена, поголема информираност на децата за здравствената заштита**.** | Општина Пехчево<br><br>Црвен крст на Општина Берово | Континуирано во 2023 година | 0,00 денари | Општина Пехчево<br><br>Црвен крст на Општина Берово |
| 9. | „Булинг не е другарство“ | Намалување на врсничкото насилство (физичко или | Општина Пехчево | Октомври – јуни 2023 година | 0,00 денари | Општина Пехчево |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | психичко); | ОЈУДГ „7 Септември“ – Пехчево<br><br>ООУ „Ванчо Китанов“ – Пехчево<br><br>ЈУ Меѓуопштински центар за социјални работи | | | |
| 10. | Закана од социјалните мрежи | Подигната свесноста кај децата за опасноста од социјалните мрежи и начини за нивна заштита. | Општина Пехчево<br><br>ООУ „Ванчо Китанов“ – Пехчево<br><br>ЈУ Меѓуопштински центар за социјални работи | Континиурано 2023 | 0,00 денари | Општина Пехчево |

Бр.01-449/1
28.03.2023 година
Пехчево

Совет на општина Пехчево
Претседател
Виолета Ѓорѓиевска с.р

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на Р.М. бр.5/2002), и член 81 од Статутот на општина Пехчево (Сл.Гласник на општина Пехчево бр.03/2021), Градоначалникот на општина Пехчево донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Одлука за верификација на мандати на членови на Локален младински совет на општина Пехчево**

СЕ ОБЈАВУВА Одлука за верификација на мандати на членови на Локален младински совет на општина Пехчево, што советот на општина Пехчево ја донесе на 15-та седница одржана на ден 28.03.2023 година.

Бр. 09-456/11
28.03.2023 год.
Пехчево

Градоначалник на
Општина Пехчево
Александар Китански с.р

---

Врз основа на член 36 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ„ бр.5/2002), член 18 став 5 од Законот за младинско учество и младински политики („Службен весник на РСМ„ бр.10/2020), член 12-б од статутот на општина Пехчево („Службен гласник„ бр.03/2021), Советот на општина Пехчево на 15-та седница одржана на ден 28.03.2023 година, ја донесе следната

**О Д Л У К А**
**За верификација на мандати на членови на Локален младински совет на Општина Пехчево**

**Член 1**

Советот на општина Пехчево донесува одлука за верификација на мандатите на членовите на Локалниот младински совет на општина Пехчево и тоа:

1. Дом на културата „Јане Сандански„ - Пехчево - номинирано лице Димитар Симовски
2. Матична библиотека „Кочо Рацин„ - Пехчево - номинирано лице Иван Јангелов
3. Средношколска заедница - ниминиранло лице Момир Ѓорѓиевски
4. Едукативен центар за зачувување на природата с.Негрево - номинирано лице Елена Тодоровска
5. Љупчо Ќурчиски - Ученички парламент при ООУ „Ванчо Китанов„ - Пехчево;

Член 2

Мандатот на членовите на Локалниот младински совет на општина Пехчево трае 2 години со право на уште еден избор.

Член 3

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во Службен гласник на општина Пехчево.

Бр.08-450/1
28.03.2023 година
Пехчево

Совет на општина Пехчево
Претседател
Виолета Ѓорѓиевска с.р

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на Р.М. бр.5/2002), и член 81 од Статутот на општина Пехчево (Сл.Гласник на општина Пехчево бр.03/2021), Градоначалникот на општина Пехчево донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Одлука за продолжување на работното време на угостителските објекти**

СЕ ОБЈАВУВА Одлука за продолжување на работното време на угостителските објекти, што советот на општина Пехчево ја донесе на 15-та седница одржана на ден 28.03.2023 година.

Бр. 09-456/12
28.03.2023 год.
Пехчево

Градоначалник на
Општина Пехчево
Александар Китански с.р

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (Службен весник на РМ бр. 05/02), и член 30 став 1 точка 40 од Статутот на општина Пехчево (Службен гласник на општина Пехчево бр. 03/2021), а во врска со член 23 од Законот за угостителската дејност (Сл.Весник на РМ бр. 62/2004, 89/2008, 115/2010, 53/2011, 141/2012, 164/2013, 187/2013, 166/2014, 199/2014, 129/2015, 192/2015,39/2016, 53/2016, 71/2016 и 31/2020), Советот на општина Пехчево на седницата одржана на 28.03.2023 година, донесе:

**ОДЛУКА**
**за продолжување на работното време на угостителските објекти**

**Член 1**

Со оваа Одлука се продолжува работното време на угостителските објекти за време од 2 часа подолго од работното време на угостителските објекти определено со член 23 од Законот за угостителската дејност, односно до 03:00 часот наредниот ден.

**Член 2**

Согласно одлуката, продолженото работно време на угостителските објекти, се продолжува за два часа за деновите: 16.04.2023 и 17.04.2023 година, односно од 01:00 до 03:00 часот, за Велигден 2023 година.

**Член 3**

Одлуката да се достави до надлежните инспекциски служби, МВР, градоначалникот и архивата на општина Пехчево.

**Член 4**

Одлуката влегува во сила осмиот ден од денот на објавување во Сл. Гласник на општина Пехчево.

Бр.08-451/1
28.03.2023 година
Пехчево

Совет на општина Пехчево
Претседател
Виолета Ѓорѓиевска с.р

---

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на Р.М. бр.5/2002), и член 81 од Статутот на општина Пехчево (Сл.Гласник на општина Пехчево бр.03/2021), Градоначалникот на општина Пехчево донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Програма за спроведување на општи мерки за заштита на населението од заразни болести во општина Пехчево за 2023 година**

СЕ ОБЈАВУВА Програма за спроведување на општи мерки за заштита на населението од заразни болести во општина Пехчево за 2023 година, што советот на општина Пехчево ја донесе на 15-та седница одржана на ден 28.03.2023 година.

Бр. 09-456/13
28.03.2023 год.
Пехчево

Градоначалник на
Општина Пехчево
Александар Китански с.р

---

Согласно член 14, став 2 од Законот за заштита на населението од заразни болести (Сл. весник на Р.М. 66/2004; 139/2008 и 99/2009) и член 22, точка 9 од Законот за локална самоуправа (Сл. весник на Р.М. 5/2002), Советот на општина Пехчево на ден 28.03.2023 донесе:

**П Р О Г Р А М А**
**за спроведување на општи мерки за заштита на населението од заразни болести во општина Пехчево за 2023 година**

Програмата за спроведување на општи мерки за заштита на населението од заразни болести се донесува согласно член 11 и член 14 став 2 од Законот за заштита на населението од заразни болести(Сл. весник на Р М. 66/04; 139/08 ,99/09,149/14,150/15 и 37/16) и член 22 точка 9 од Законот за локална самоуправа (Сл. весник на Р.М. 5/02). Целта на оваа програма е организирано спроведување на општи превентивни мерки за да се спречи појавата или да се намали, отстрани или искорени ширењето на заразните болести кај населението од подрачјето на Општина Пехчево.

За заштита на населението од заразни болести во 2023 година ќе се спроведат вообичаените општи мерки:

- Обезбедување на безбедна вода за пиење;
- Отстранување на цврстиот отпад и отпадните води на начин кој ќе овозможи заштита на животната средина од загадување;
- Вршење на превентивна дезинфекција, дезинсекција и дератизација во населени места и други јавни површини и
- Превентивно-промотивни активности за унапредување на здравјето на населението.

**1. Обезбедување безбедна вода за пиење и контрола на квалитетот**

Водата има приоритет во обезбедувањето на основни услови за живот. Организираното водоснабдување, како дејност од јавен интерес, е слика на општествениот стандард и значаен предуслов за заштита од заразни заболувања и добро здравје. Од тука и во 2023 година примарната

грижа на Општина Пехчево ке биде насочена кон обезбедување на населението со доволни количини на здравствено исправна вода за пиење, намалување на загубите на вода на минимум и услови за непрекинато и удобно користење на водата за пиење.

### 1.1. Водоснабдување од градскиот водовод Пехчево

Согласно Одлуката за kомунален ред, организираното водоснабдување на населението во Пехчево, Чифлик, Умлена, Робово и Негрево го врши ЈКП “Комуналец” - Пехчево, преку градскиот водовод - Пехчево.

За таа цел во 2023 година ЈКП “Комуналец” - Пехчево ќе настојува да ги спроведе следните активности:

- заштита на “Пехчевска Река” од можни загадувања;
- целосна преработка на суровата вода до вода за пиење;
- подобрување на мрежната инфраструктура;
- воведување на „скада систем“ за контрола на протокот на водата и откривање на дефекти во мрежата и нелегални приклучоци
- имплементација на ХАЦЦП системот за контрола на безбедноста на водата;
- редовен мониторинг на водата од градскиот водовод и локалните селски водоводи и информирање на корисниците за квалитетот на водата.

Основниот мониторинг и информирањето на корисниците за квалитетот на водата ќе го спроведува територијално надлежниот Центар за јавно здравје Кочани. Основниот мониторинг ќе се спроведува еднаш на 2 недели на 3 примероци вода, и тоа: по еден примерок од сурова и два примерока пречистена вода од водоводната мрежа.

Периодичните анализи ќе се вршат најмалку еднаш годишно, во Институт за јавно здравје Скопје.

### 1.2. Водоснабдување од други јавни водоснабдителни објекти

Општина Пехчево, во соработка со ЈЗУ ЦЈЗ Кочани, четири пати годишно (по потреба и повеќе) го организира и го следи квалитетот на водата од селските водоводи на селата: Негрево, Црник и Панчарево.

Во секој резултат ќе стои и мислење за исправноста и квалитетот на водата. По потреба ќе се врши хиперхлорирање на објектите за вода, формирање на заштитни зони и превземање на други заштитни мерки или предупредување за користење на водата со претходно проврирање.

На крајот од годината ќе се изготви годишна информација за состојбата со водоснабдувањето и процена на ризик.

## 2. Правилно и навремено отстранување на цврст отпад и отпадни води

Организираното отстранување на цврст отпад и отпадни води го врши ЈКП “Комуналец” - Пехчево, во согласност со Законот за управување со отпадот и одредбите од Одлуката за комунален ред на општина Пехчево.

Се до профункционирањето на регионалната депонија, потребно е редовно затрупување на новодепонираниот комунален отпад во депонијата.

Член 113 од Законот за води (Сл. весник на РМ 87/2008) и Директивата 91/271/ЕЕС ги задолжува општините да ги пречистат урбаните и биолошко разградивите индустриски отпадни води што произлегуваат од нивното подрачје.

Претпристапните фондови на ЕУ обезбедуваат средства за еколошки проекти даваат можност Општина Пехчево да проектира и изгради канализација во селата: Негрево, и Панчареово и пречистителна станица за отпадните води, како значаен услов, одржлив развој и промовирање на општината како еколошко подрачје.

## 3. Вршење на превентивна дезинфекција, дезинсекција и дератизација

Превентивна дезинфекција, дезинсекција и дератизација е задолжителна во здравствени, училишни, предучилишни и социјални установи, во објекти за производство и промет на храна, зелени пазари, станици за патнички сообраќај, канализации, депонии и друго.

Согласно Законот за заштита на населението од заразни болести (Сл. весник 66/2004 -член 39 и член 43) овластени да вршат ДДД на јавни установи и на други јавни површини се центрите за јавно здравје и други правни лица кои ги исполнуваат условите пропишани со закон.

### 3.1. Превентивна дезинфекција

Превентивната дезинфекција во предучилишните и училишни установи ќе се врши пред почетокот на школската година и пред почетокот на второто полугодие. Дезинфекцијата на градскиот пазар ќе се врши во летниот и есенскиот период.

### 3.2. Превентивна дезинсекција

3.2.1. Превентивна дезинсекција од летечки и лазечки инсекти ќе спроведуваат во летниот и есенски период сите објекти за храна, со примена на HACCP мерките на претпазливост.

3.2.2. Како превентивна мерка за спречување на ширењето на западно нилска треска кое е сериозно заразно заболување, како и за заштита од пренесување на маларија и сведување на толерантно ниво на непријатноста од наездата на комарците се предлага да се спроведат најмалку 3 теристички прскања со водно растворливиот преперат аквакотрин. Теристичките прскања ќе се спроведат на крајот од мај до август, со опфат од по 50 хектари, во населените места на општината. Доколку постои интерес може да се реализира и едно авионското прскање во втората половина на јуни, со опфат од најмалку 500 хектари.

### 3.3. Превентивна дератизација

Општина Пехчево еднаш годишно ќе спроведе општа дератизација во неселените места и нивната околина (согласно член 42 од Законот за заштита на населението од заразни болести).

3.3.1. Во спроведувањето на општа дератизација ке се опфатат градската канализација и депонијата за комунален отпад. Шахтите на канализации ќе се третираат 120 канализациони шахти (120 во Пехчево) со по 300 грама кумарински препарат (150 гр. кумарински блокови и 150 гр пелети). Во соработка со претставник на ЈКП „Комуналец“ Пехчево, се планира да се постават 50 кг. кумарински препарати, и тоа 45 кг во канализацијата на градот и 5 кг. кумарински блокови за Депонијата за комунален цврст отпад. Средствата за ова намена ке ги обезбеди Општина Пехчево.

3.3.2. Согласно Законот за заштита од заразни болести и Законот за безбедност на храната, правните лица кои работат со храна ќе спроведуваат континуирана дератизација, за да ја заштитат храната од загадување.

## 4. Превентивно-промотивни активности за унапредување на здравјето на населението

За заштита и унапредување на здравјето на населението секојдневно ке се врши советување на лица заболени од заразна болест, за која е доставена Пријава за заразно заболување.

Редовно ќе се едуцира младото население за унапредување на сексуалното здравје.

Во зависност од случувањата ќе се спроведуват и тестирања на малигни заболувања во цревниот тракт и заразеност од заразна жолтица, бруцелоза, СИДА и други заразни заболувања.

Финансирање на Програмата од Буџетот на општина Пехчево

1. Следење на безбедноста на водите за пиење од селските водоводи 24000
    - (12 Хемиски и бактериолошки анализи * 2000 ден = 24000 ден.)

2. Уништување на комарци

Две теристички третирања на комарци во населени места = 60 000 ден.
3. Опште дератизација на канализациите и депонијата 30 000

- (45 кг препарат за канализации и 5 кг. За депонијата = 50 кг * 600 ден = 30 000 ден)

| Вид на активности | Цена |
|---|---|
| Води за пиење | 24 000 |
| Уништување на комарци во населени места | 60 000 |
| Дератизација на канализации и депонија | 30 000 |
| ВКУПНО | 94 000 |

Доколку се направи и авиодезинсекција која е 165 000 ден. целокупната програма за Општината ке изнесува 300 200 ден.

Изработил: Светлана Стамболиска, општински комунален инспектор

Бр.08-452/1
28.03.2023 година
Пехчево

Совет на општина Пехчево
Претседател
Виолета Ѓорѓиевска с.р

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на Р.М. бр.5/2002), и член 81 од Статутот на општина Пехчево (Сл.Гласник на општина Пехчево бр.03/2021), Градоначалникот на општина Пехчево донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Одлука за усвојување на Годишен извештај за работата на овластениот комунален инспектор при општина Пехчево за 2022 година**

СЕ ОБЈАВУВА Одлука за усвојување на Годишен извештај за работата на овластениот комунален инспектор при општина Пехчево за 2022 година, што советот на општина Пехчево ја донесе на 15-та седница одржана на ден 28.03.2023 година.

Бр. 09-456/14
28.03.2023 год.
Пехчево

Градоначалник на
Општина Пехчево
Александар Китански с.р

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалана самоуправа (Сл.весник на РМ бр.05/02) и член 30 став 1 точка 40 од Статутот на општина Пехчево (Сл.Гласник на општина Пехчево бр.03/2021), Советот на општина Пехчево на седницата одржана на 28.03.2023 година ја донесе следната:

**ОДЛУКА**
**за усвојување на Годишен извештај за работата на овластениот комунален инспектор при општина Пехчево за 2022 година**

**Член 1**

Советот на општина Пехчево го усвојува Годишниот извештај за работата на овластениот комунален инспектор при општина Пехчево за 2022 година.

**Член 2**

Годишниот извештај за работата на овластениот комунален инспектор при општина Пехчево за 2022 година, е составен дел од оваа одлука.

**Член 3**

Одлуката влегува во сила осмиот ден од денот на објавување со Сл.Гласник на општина Пехчево.

Бр.08-453/1
28.03.2023 година
Пехчево

Совет на општина Пехчево
Претседател
Виолета Ѓорѓиевска с.р

**Годишен извештај за 2022 година за работата на**
**општински комунален инспектор при општина Пехчево**

Работните активности на општинскиот комунален инспектор во текот на 2022 година се засновани на вршење на инспекциски надзор над примената на следните законски прописи и подзаконските акти што произлегуваат од овие закони:

1. Закон за комуналните дејности (“Службен весник на РМ„ бр.95/12, 163/13, 42/14, 44/15, 147/15,31/16 , 64/18, 71/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 302/20)
2. Закон за јавна чистота (“Службен весник на РМ„ бр.130/10 пречистен текст, 23/11, 53/11,47/12, 80/12, 163/13, 44/15, 147/15, 31/16 и `Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 122/21)
3. Закон за снабдување со вода за пиење и одведување на урбани отпадни води (“Службен весник на РМ„ бр.68/04, 28/06, 103/08, 17/11, 54/11, 163/13,10/15, 147/15, 31/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 21/21).
4. Закон за урбано зеленило (“Службен весник на РМ„ бр.11/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 42/20)
5. Закон за гробишта и погребални услуги (“Службен весник на РМ„ бр.86/2008, 156/10, 53/11, 163/13, 152/2015 и 31/2016)
6. Закон за управување со пакување и отпад од пакувањето (“Службен весник на Република Северна Македонија„ бр.215/21)
7. Закон за инспекциски надзор (“Службен весник на Република Северна Македонија „ бр.102/2019)
8. Закон за општата управна постапка (“Службен весник на РМ „бр.124/15)
9. Закон за прекршоци (“Службен весник на Република Македонија „бр.96/19).

При вршење на инспекциски надзор во текот на 2022 година постапувано е по горе наведените закони, но најчесто по Законот за инспекциски надзор, Законот за јавна чистота, Закон за урбано зеленило, Законот за комунални дејности и Законот за снабдување со вода за пиење и одведување на урбани отпадни води, каде се контролирани физички лица и правното лице ЈКП„Комуналец„ - Пехчево.

Во согласност со Законот за јавна чистота изготвени се (23) дваесет и три предмети при што:

- Контролирани се правни и физички лица и направени се (23) дваесет и три записници од извршени инспекциски надзори, издадени се (18) осумнаесет решенија, изготвени се (18) осумнаесет контролни записници од извршени инспекциски надзори.

Според Законот за комунални дејности изготвени се (26) дваесет и шест предмети при што контролирани се:

- По пријава контролирани се 26(дваесет и шест) физички лица и се изготвени се 26 (дваесет и шест) записници за извршен инспекциски надзор, издадени се (6) шест решенија и изготвени се (6) шест контролни записници од извршени инспекциски надзори.

По Законот за снабдување со вода за пиење и одведување на урбани отпадни води контролирано е правното лице ЈКП „Комуналец„ - Пехчево, изготвен е записник за извршен инспекциски надзор, донесено е решение и контролен записник.

Контролирано е два пати правно лице за заловување на кучиња скитници и се направени исто толку записници од извршени инспекциски надзори.

Исто така, по пристигнати (7) седум барања за остранување на зеленило издадени се (7) седум решенија за остранување на зеленило од кои на сите (7) седум барања е одговорено позитивно. За сите решенија се изготвени исто толку записници од увид на лице место со приложени фотографии.

По телефонски јавувања, усни дојави и (4) четири писмени преставки доставени до комуналниот инспектор од физички лица, е постапено, излезено е на терен и е утврдено дека не се во надлежност на комуналниот инспектор и истите се известени до која надлежна институција да се обратат.

Исто треба да се напомене дека по телефонски јавувања од страна на ЈКП Комуналец – Пехчево, Полициска станица - Пехчево и од физички лица, излегувано е на терен, при што поголем дел од тие ситуации се решени на лице место со усно укажување на странките, без правење на записници и издавање на решенија.

За 2022 година општинскиот комунален инспектор постапил писмено вкупно по (59) педесет и девет предмети, при што изготвени се (59) педесет и девет записници од извршени инспекциски надзори, (22) дваесет и две решенија, (22) дваесет и два контролни записници.

Почитувани,

Со овластување од страна на градоначалникот за лице за животна средина, ги прегледувам и одобрувам елаборатите за животна средина согласно Уредбата за дејностите и активностите за кои задолжително се изработува елаборат, а за чие одобрување е надлежен градоначалникот, а за потребите на општина Пехчево изработувам и елаборати за животна средина.

Исто така сум лице одговорно за пишување и одобрување на Б - интегрирани дозволи на територијата на општина Пехчево.

Постапувам по добиени писмени и електронски дописи на тема - животна средина.

Со овластување ја застапувам општината во работата на Едукативен Центар за зачувување на природата - ЕЦЗП с. Негрево каде сум и претседател.

Исто со овластување од страна на градоначалникот ја застапувам и претставувам општината во работата на Здружението за рурален развој Локална акциона група МАЛЕШ – ПИЈАНЕЦ.

Со овластување од страна на градоначалникот учествував во подготовката на Регионалниот план за унапредување на шумите (РПУШ) во подрачјето на Малешевскиот регион. РПУШ претставува пилот регионален план кој се изработува за одреден микро регион во Република Северна Македонија и претставува стратешки документ на општините Берово и Пехчево за унапредување на шумите. Планот е подготвен на волонтерска основа со вклученост на повеќе заинтересирани страни, кои директно или индиректно се поврзани со управувањето и користењето на шумите.

Регионалниот план за унапредување на шумите (РПУШ) е водечки инструмент за привлекување на интернационални и локални финансирања и инвестиции, привлечен за субвенции, плаќања засновани на резултати и меѓународно финансирање за развој или за заштита на животната средина, зачувувањето на биодиверзитетот и справувањето со климатските промени.

Во иднина, веќе воспоставената работна група ќе биде одговорна за мониторинг, следење и верификација на активности утврдени со РПУШ во период од 10 години, додека спроведувањето и известувањето на овој стратешки документ ќе биде на општините Берово и Пехчево во соработка со ЈП „Национални шуми“. Со работната група ќе претседаваат општините Берово и Пехчево, наизменично и минимум двапати годишно.

Изработил: Светлана Стамболиска, општински комунален инспектор

Бр.08-453/2<br>28.03.2023 година<br>Пехчево

Совет на општина Пехчево<br>Претседател<br>Виолета Ѓорѓиевска с.р

---

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на Р.М. бр.5/2002), и член 81 од Статутот на општина Пехчево (Сл.Гласник на општина Пехчево бр.03/2021), Градоначалникот на општина Пехчево донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Одлука за измена на распоредот на средствата на буџетот на општина Пехчево за 2023 година**

СЕ ОБЈАВУВА Одлука за измена на распоредот на средствата на буџетот на општина Пехчево за 2023 година, што советот на општина Пехчево ја донесе на 15-та седница одржана на ден 28.03.2023 година.

Бр. 09-456/15
28.03.2023 год.
Пехчево

Градоначалник на
Општина Пехчево
Александар Китански с.р

Врз основа на член 36 став 1 точка 2 од Законот за локална самоуправа (Службен весник на РМ бр.5/2002), а во врска со член 34 од Законот за буџетите (Службен весник на РМ бр.64/2005, 04/2008, 103/2008, 156/2009, 95/2010, 180/2011, 171/2012, 192/2015 и 167/2016) и Службен весник на РСМ бр. 151/2021, 203/22), Советот на Општина Пехчево на 15-та седница одржана на 28.03.2023 година донесе

**ОДЛУКА**
**За измена на распоредот на средствата на Буџетот на општина Пехчево за 2023 година**

Член 1

Со оваа одлука се врши измена на распоредот на средствата на Буџетот на Општина Пехчево за 2023 година, на следниот начин:

| Потпрограма Потставка | | БУГЕТ | САМОФИН. | ДОТАЦИИ | ДОНАЦИИ | КРЕДИТИ |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **V10** | **ДЕТСКИ ГРАДИНКИ** | | | | | |
| 420220 | Патување во странство - патни расходи | 0 | 0 | 0 | -56.000 | 0 |
| 423610 | Наставно-образовни помагала | 0 | 0 | 0 | 56.000 | 0 |
| | | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** |

Член 2

Одлуката влегува во сила од денот на објавувањето во Службен гласник на општина Пехчево и станува составен дел на Буџетот на Општината за 2023 година.

Бр.08-454/1
28.03.2023 година
Пехчево

Совет на општина Пехчево
Претседател
Виолета Ѓорѓиевска с.р

**С О Д Р Ж И Н А:**


1. Odluka за усвојување на Квартален извештај за извршување на буџетот на општина Пехчево за период од 01.01.2022 година до 31.12.2022 година ________________________________3;
2. Odluka за усвојување на Годишен финансиски извештај од работењето на општина Пехчево за 2022 година ________________________________ 9;
3. Odluka за усвојување на Завршната сметка на општина Пехчево за 2022 година ________ 21;
4. Odluka за усвојување на Завршната сметка на ОУ МБ „Кочо Рацин„ - Пехчево за 2022 година ________________________________ 32;
5. Odluka за усвојување на полугодишен извештај за работа на ООУ „Ванчо Китанов„ - Пехчево за учебната 2022/2023 година ________________________________ 38;
6. Odluka за усвојување на развојна програма за работа на ООУ „Ванчо Китанов„ - Пехчево за период 2023 -2027 година ________________________________ 61;
7. Odluka за усвојување на Завршната сметка на ООУ „Ванчо Китанов„ - Пехчево за 2022 година ________________________________ 94;
8. Јавен повик за пријавување на лица за членови во управен одбор во ЈКП „Комуналец„ - Пехчево ________________________________ 102;
9. Програма за здравствена и социјална заштита на општина Пехчево за 2023 година _____ 104;
10. Odluka за верификација на мандати на членови на Локален младински совет на општина Пехчево ________________________________ 123;
11. Odluka за продолжување на работното време на угостителските објекти _______________ 124;
12. Програма за спроведување на општи мерки за заштита на населението од заразни болести во општина Пехчево за 2023 година ________________________________ 125;
13. Odluka за усвојување на Годишен извештај за работата на овластениот комунален инспектор при општина Пехчево за 2022 година ________________________________ 129;
14. Odluka за измена на распоредот на средствата на буџетот на општина Пехчево за 2023 година ________________________________ 133;